Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 02-4797/1
28 03 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година viti
Потпис Nënshkrimi

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Kulturës**

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

**Министер**
**Бисера Костадиновска-Стојчевска**

*Скопје, 3.2024 г.*

*СОДРЖИНА*

ВОВЕД ....................................................................................................................4
1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА ........................................................................5
2. СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА
И УМЕТНОСТА..........................................................................................................................6
   - Одделение за драмска и за филмска дејност
   - Одделение за музичка и музичко-сценска дејност
   - Одделение за центри на културата, фолклор и сценско-уметничка дејност
   - Одделение за визуелни уметности, архитектура и дизајн
   - Одделение за креативни индустрии и интердисциплинарни проекти
3. СЕКТОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ (СЕКТОР ЗА КНИГА)...........................................17
4. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО...............................................18
   - Одделение за библиотечна дејност
   - Одделение за музејска дејност
   - Одделние за недвижно културно наследство
5. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО.........................24
6. СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ ............................................................................ 30
7. СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ ...........................................................................37
8. СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО
И СРОДНИТЕ ПРАВА..............................................................................................................50
9. СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР.........................................................54
10. СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА.....................................57
   - Одделение за логистичка поддршка
   - Одделение за државни награди

*ОДОБРИЛЕ*

- **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**
  Сузана Которчевиќ, раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА**
  м-р Маја Седрак, раководител на Секторот
  Снежана Иванова-Китанова, помошник-раководител на Секторот
  Хајрие Сопи, помошник-раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ (СЕКТОР ЗА КНИГА)**
  Катерина Пејкова, државен советник за издавачка дејност и литература
- **СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**
  Диме Мацовски, државен советник за заштита на недвижно културно наследство
  Афед Јашари, државен советник за заштита на нематеријалното и материјалното културно наследство
- **СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО**
  Гордана Ивановски-Велковска, раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ**
  Дафина Цепароска, раководител на Секторот
  Јована Ѓоргеска-Кузмановска, помошник-раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ**
  м-р Владимир Попоски, раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА**
  Фросина Ѓоршовска, раководител на Секторот
- **СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**
  Сабина Синан, раководител на Секторот – главен инспектор
- **СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА**
  Марија Зафировска, раководител на Секторот

***<u>ВОВЕД</u>***

Обврската за подготовка и објавување на Извештајот произлегува од членот 70-г од Законот за културата според кој, Министерството за култура, до крајот на месецот март во тековната година, носи годишен извештај за својата работа и го објавува на веб-страницата на Министерството за култура.

Извештајот содржи податоци за реализацијата на проектите што се финансирани од Министерството за култура по објавените конкурси, за програмите на националните установи, за проектите од Годишната програма за инвестиции во културата и за други активности од надлежност на Министерството за култура.

Во 2023 година, по надминувањето на пандемијата предизвикана од ширењето на вирусот КОВИД-19, во националните установи се врати интензитетот на културните настани, како и претставувањата во меѓународни рамки.

Националните установи ја остваруваа својата дејност и ги реализираа предвидените продукции во услови на енергетска криза.

Реализацијата на севкупниот буџет на Министерството за култура за 2023 година беше на високо ниво, а беа реализирани 95% проценти од проектите и активностите од Годишната програма.

## 1. ***СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА***

Буџетот на Министерството за култура **за 2023 година** изнесуваше **4.003.419.000,00 денари**, и тоа за **раздел 18001 – Министерство за култура 203.892.000,00 денари** и за **раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата 3.799.527.000,00 денари.** Учеството на културата во вкупниот буџет на Република Северна Македонија во 2023 година изнесуваше **1,23 %.**

Конечниот буџет за 2023 година во однос на конечниот буџет за 2022 година беше зголемен **за 7,46 %,** а во однос на конечниот буџет за 2021 година беше зголемен за **25,97 %.** Во текот на годината се донесоа две одлуки за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници и фондовите:

| **Буџет за 2023 година** | **Раздел 18001<br>Министерство за култура** | **Раздел 18010<br>Финансирање на дејностите од областа на културата** |
|---|---|---|
| 4.003.419.000,00 денари | 203.892.000,00 денари | 3.799.527.000,00 денари |
| **Ребаланс на Буџетот** | **Ребаланс на Буџетот** | **Ребаланс на Буџетот** |
| 4.495.782.000,00 денари | 213.644.000,00 денари | 4.282.138.000,00 денари |

Буџетот за 2023 година во разделот 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата беше распределен по следниве намени:

| **Буџет за 2023 година** | **3.799.527.000,00** | **Процент на учество во вкупниот буџет (%)** |
|---|---|---|
| Плати | 1.966.290.000,00 | 51,75 |
| Стоки и услуги | 260.350.000,00 | 6,85 |
| Блок-дотации | 406.406.000,00 | 10,70 |
| Програма | 768.600.000,00 | 20,23 |
| Инвестиции | 397.881.000,00 | 10,47 |

## 2. СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА

Поаѓајќи од основните начела за развој на уметноста, Секторот за дејности од областа на културата и уметноста се развива во повеќе насоки, задоволувајќи ги притоа основните начела на едно граѓанско општество за развој и афирмација на културата: развој на граѓанското општество со овозможување достапност на културните вредности за граѓаните; остварување на културата на локално ниво преку создавање услови; рамномерен културен развој во Република Македонија; промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази; насоченост кон одредена целна група, особено кон лица со посебни потреби, деца и млади; потенцијал за одржливост; одбележување значајни јубилеи во културата; поттикнување на детското творештво и на творештвото за деца и млади; остварување и заштита на културниот идентитет на заедниците во Република Северна Македонија; афирмирање на млади автори; вклученост на повеќе субјекти, финансирање од повеќе извори; културолошки истражувања и сл.

Појдовните цели за остварување на културата и нејзино подигнување на повисоко ниво при поддршката и финансирањето на проектите се детерминираат преку општите и посебните критериуми конципирани во два документа – правилници за критериумите за финансирање на програмите, односно проектите по одделни дејности во културата („Службен весник на РМ бр. 61/2004 и „Службен весник на РМ“ бр. 70/2011, како и во согласност со критериумите наведени во пријавите за финансирање.

### ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРАМСКА И ЗА ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ

Во 2023 година, средствата од драмската дејност беа распределени за следниве активности:

| **Програмски активности** | **Одобрени средства** |
|---|---|
| Национални установи | 69.934.902,00 |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 43.082.688,00 |
| Трошоци за струја, комуналии, греење | 24.800.000,00 |
| Отпремнини и парична помош за вработените | 2.052.214,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2023 година | 24.318.873,00 |
| Театарска продукција на професионални претстави | 5.155.233,00 |
| Театарска продукција на непрофесионални/аматерски претстави | 405.879,00 |
| Театарски фестивали и манифестации | 18.133.908,00 |
| Публикации | 350.841,00 |
| Истражувачки, едукативни проекти и работилници | 273.012,00 |

Од вкупно 131 поддржан проект од областа на драмската дејност во 2023 година (71 проект на национални установи и 60 проекти одобрени на Конкурсот), се реализираа вкупно 118 проекти (66 проекти на национални установи и 52 проекта на Конкурсот), односно 90 % од одобрените проекти се реализираа во 2023 година, додека 11 проекти се откажани од реализација (3 од национални установи, 2 од правни лица и 6 од физички лица) и 2 проекта од национални установи се префрлени за реализација во 2024 година.

Реализацијата на проектите по категории е следнава:

- 74 професионални претстави (46 премиери во национални установи театри и центри за култура и 28 независни проекти (14 премиери на правни лица и 14 премиери на физички лица), од кои: 52 на македонски јазик, 18 на албански јазик и 4 на турски јазик;
- 13 проекти од категоријата аматерски/непрофесионални претстави (9 премиери во национални установи центри за култура, 2 премиери во локални установи домови на културата, 2 премиери на правни лица), од кои: 10 на македонски јазик, 3 на албански јазик;
- 2 проекта од категоријата работилници, истражувачки и едукативни проекти (2 во организација на правни лица), од кои: 2 на македонски јазик;
- 3 гостувања во РСМ (3 во организација на национални установи) на македонски јазик;

- 1 публикација  (реализација на правно лице) на македонски јазик;
- 25 театарски фестивали и манифестации (17 од програмата за драмска дејност: 1 во организација на локална установа, 1 во организација на образовна установа и 15 во организација на правни лица; 8 од програмата на културно-уметнички манифестации во организација на национални установи), од кои: 18 на македонски јазик, 6 на албански јазик и 1 на ромски јазик.

Во 2023 година, Министерството за култура, во соработка со Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп, со цел да се афирмира современата македонска драма и да се овозможи збогатување на фондот на драмски текстови од македонски автори, објави Конкурс за откуп на необјавен и непоставуван македонски драмски текст во 2023 година, на кој пристигнаа 53 драмски текстови.

Драмските текстови беа разгледувани и оценувани од посебна комисија од истакнати, стручни и компетентни лица именувана од министерот за култура, на предлог од Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп.

Комисијата ги одбра следниве текстови:

- „Бреме“ од Мила Јовановиќ Миленковиќ
- „Измислена приказна“ од Мики Душански
- „Не застанувај продолжи понатаму“ Лукавиот од Мики Душански

Одбраните драмски текстови беа објавени на веб-страницата на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп и на авторите на откупените македонски драмски текстови, за откуп на авторските права за објавување и поставување на драмскиот текст, Министерството за култура им исплати авторски надомест во нето-износ од по 120.000,00 денари. Правата се откупени во времетраење од три години, со важност на територијата на РСМ.

Во однос на продукцијата на националните установи – театри и центри за култура, треба да се издвои дека: НУ Народен театар – Битола реализира 7 проекти; по 6 проекти реализираа Театар „Комедија“ и НУ Центар за култура – Штип; по 5 проекти реализираа НУ Драмски театар – Скопје, НУ Центар за култура – Велес и НУ Центар за култура – Куманово; по 4 проекти реализираа НУ Тетовски театар и НУ Центар за култура – Охрид; по 3 проекти реализираа НУ Албански театар– Скопје, НУ Турски театар – Скопје, НУ Театар за деца и младинци –Скопје, НУ Албански театар за деца и млади – Скопје, НУ Гостиварски театар, НУ Центар за култура – Прилеп и НУ Центар за култура – Струмица; 2 проекта реализира НУ МНТ – Скопје.

Во контекст на независната и алтернативната продукција на професионални претстави, годинава имавме квалитетна и разновидна понуда од 28 претстави, од кои: 21 проект на македонски јазик, 6 проекти на албански јазик и 1 проект на турски јазик:

- на македонски јазик: „Големиот бел заговор“ според текстот на Димитрије Војнов, режија Војо Цветановски; „Дом за кукли“ – автор Хенрик Ибзен, режија Софија Ристевска Петрушева; „Слугинки“ – автор Жан Жене, режија Теодора Силјаноска; „Младоста последна умира“ – драматизација Ева Камчевска, режија колективно авторство; ,,Поткровје“ – претстава по мотиви на драмскиот текст „Цената“ на Артур Милер, режија Александар Ивановски; „Вилицата на Ебен Баерс“ од Филип Грујиќ, режија Борис Василески; „Ружа со два мириса“ – според Емилио Карбаљидо, режија Трајко Јордановски и други;
- на албански јазик: „Народ без зборови“, според драмското дело „Аудиенција“ на авторот Вацлав Хавел,  режија Нехат Мемеди; „Мечтаење“ – со мотив од текстот „Ах, моите бубрези“ од Бабис Циклиропулос: преработка, адаптација и режија Петрит Незири; „Како да ме разбереш мене со аутизам“ – автор Јасмин Салкич, режија Сенад Абдули итн.;
- на турски јазик: „Pool  (No water)“ – според драмски текст на Марк Рејвенхил, режија Шенај Мандак.

Во однос на застапеноста на реализираните проекти по општини, беше евидентна активноста на полето на драмската дејност во Скопје, Куманово, Битола, Прилеп, Тетово, Штип и во Гостивар.

Во 2023 година, македонската културна јавност имаше можност да проследи изведби на дела во режија на:

- режисери од странство: Бранко Брезовец, Кокан Младеновиќ, Андриј Жолдак, Оља Лозица, Фатос Бериша, Агон Мифтари итн.;
- домашни режисери: Владимир Милчин, Љупчо Георгиевски, Мартин Кочовски, Зоја Бузалковска, Дејан Пројковски, Нела Витошевиќ, Наташа Поплавска, Сашо Миленковски, Синиша Евтимов, Јане Спасиќ, Срѓан Јанаќијевиќ, Васил Христов, Милош Андоновски, Андреј Цветановски, Дејана Николовска, Софија Ристевска Петрушева, Сибел Абдиу, Билге Емин, Ибрахим Деари, Афердита Нухији, Гент Мехмети итн.

Застапени беа текстови на врвни дела од светската драматика, како и дела од домашното творештво, и тоа:

- на автори од странство: Вилијам Шекспир, Антон П. Чехов, Николај Васиљевич Гогољ, Харолд Пинтер, Роланд Шимелфенинг, Семјуел Бекет, Јасмина Реза, Мартин Мекдонау, Фернандо Арабал, Ариел Дорфман, Кристофер Марлоу, Александар Галин, Жан Пјер Мартинез, Милена Марковиќ, Јетон Незирај, Бранислав Нушиќ, Владимир Ѓурѓевиќ, Милош Радовиќ итн.;
- на домашни автори: Горан Стефановски, Венко Андоновски, Благоја Ристески Платнар, Сашо Кокаланов, Драгана Николоски Лукан, Милош Андоновски;
- како и авторски проекти и драматизации: проект „Изведување на градот“ (Performing the city) од авторот Филип Јовановски; авторски проект на Бобан Алексоски „Бели дробови“ според Данкан Мекмилан...

Во програмата за драмска дејност во 2023 година беа застапени и театарските фестивали и манифестации, со кои значително се збогати театарската понуда пред граѓаните во нашата држава. Во однос на 2021 година, кога се реализираа 13 фестивали во 10 општини, во 2023 година нивниот број речиси двојно се зголеми, односно се реализираа 25 театарски фестивали и манифестации во 14 општини – 9 во Скопје, 3 во Битола, 2 во Прилеп и по 1 фестивал/манифестација во Струмица, Куманово, Велес, Штип, Гостивар, Дебар, Кичево, Ресен, Струга, Кочани и во Тетово.

Како особено значајни според традицијата на одржување, афирмација на домашното творештво и жанровската разновидност, ги издвојуваме: 60. Драмски аматерски фестивал во Кочани, 57. Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ во Прилеп, 48. Меѓународен театарски фестивал МОТ 2023 во Скопје, 31. Фестивал на камерен театар „Ристо Шишков“ во Струмица, 31. Меѓународни студентски средби СКОМРАХИ 2023 во Скопје, 26. Меѓународен театарски фестивал „Денови на комедијата“ во Куманово, 24. Интернационален фестивал на монодрама во Битола, 22. ИТФ Фестивал „Албански театар во Северна Македонија“ во Дебар, 21. Интернационален театарски фестивал „Актерот на Европа“ 2023 во Ресен, 20. Интернационален фестивал на античка драма „СТОБИ“, 20. Ромски театарски фестивал „Garavde muja“ во Скопје, 17. Меѓународен театарски фестивал „Скупи фестивал 2023“ во Скопје, 16. Интернационален фестивал на пантомима и физички театар ПАНФИЗ 2023 во Скопје, 11. Театарски фестивал за деца и младинци „Малиот принц“ во Штип, 10. Интернационален фестивал на театар на сенки СОНОТ НА ОБЛАЧЕТО во Скопје, 7. Меѓународен театарски фестивал „Отхело“ во Гостивар, 7. Уличен уметнички фестивал за живи статуи „Статуа фест“ во Скопје и други.

Годинава се поддржаа и:

- 4 аматерски претстави во 4 општини (по една во Скопје, Тетово, Прилеп и воДемир Хисар);
- збирка аудиодрами од Горан Стефановски во организација на Здружението за афирмација на уметност ФЛУКТУС Скопје;
- Центарот за истражување на театарски пракси – женското и женскоста во изведувачките уметности – театарска работилница во организација на Здружението АРТОПИЈА од Скопје во с. Слоештица, Демир Хисар;
- Академската сцена на Факултетот за драмски уметности од Скопје.

### ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МУЗИЧКА И МУЗИЧКО-СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ

Во 2023 година, средствата од музичката и музичко-сценската дејност беа распределени за следниве активности:

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| Национални установи | 87.815.986,00 |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 61.849.951,00 |
| Трошоци  за струја, комуналии, греење | 24.800.000,00 |
| Отпремнини и парична помош за вработените | 1.166.035,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2023 година | 68.372.003,00 |
| Општини и локални установи | 2.573.285,00 |
| Правни лица | 50.823.743,00 |
| Физички лица | 14.974.975,00 |

Од вкупно 345 поддржани проекти од областа на музичката и музичко-сценската дејност во 2023 година (88 проекти на национални установи и 257 проекти одобрени на Конкурсот за финансирање проекти од национален интерес во културата од музичката и музичко-сценската дејност), се реализираа вкупно 326 проекти (86 проекти на национални установи и 240 проекти од Конкурсот), односно 94 % од одобрените проекти.

Во однос на продукцијата на установите, Националната опера ги реализираше: премиерата на операта „Набуко“, проектот „Фолклорно-класична симбиоза“ заедно со НУ Ансамбл за народни игри и песни „Танец“, проектот „Сеќавања“ – копродукција на НУ Национална опера и балет и НУ Национална филхармонија, проектот „Сага (Идентитети)“ – современ балет, традиционалниот концерт по повод празникот Василица, како и разните оперски и балетски претстави во рамките на тековниот репертоар, додека во рамките на концертната сезона на Националната филхармонија беа реализирани голем број симфониски концерти, детски и камерни концерти.

Во рамките на програмските содржини на националните установи низ државава, беше обезбедена поддршка за музички проекти и концертни претставувања на репродуктивни музички уметници од сите генерации и во различни формации во центрите за култура во Битола, Гостивар, Дебар, Делчево, Кичево, Кочани, Куманово, Крива Паланка, Неготино, Прилеп, Тетово, Штип, Охрид и во Струмица.

Во 2023 година беше забележлива активноста на локалните установи, и со внимание беше проследена програмата на ЈУ Младински културен центар при што традиционално се одржа Фестивалот на нова музика „Здраво млади“.

Беа реализирани многубројни концерти на млади уметници, но и на веќе афирмирани репродуктивци, како: Живоин Глиѓиќ, Бехар Весели, Ѓурѓица Дашиќ, Дино Имери и многу други.

Во рамките на програмата за 2023 година, пред публиката беа претставени и проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи на фестивали и на истакнати уметници од музичката и од музичко-сценската дејност: 60 години Музичка младина на Македонија, работа и концерти на камерниот оркестар на МММ ,,Саша Николовски-Ѓумар“ 2023 година; Јубилеј 50 години Хорски фестивал „ТЕХО“; Интернационален фестивал „Охрид фест – Охридски трубадури“ – 30 години јубилеј; Концерти на дуото „Кировски“ – 30 години заедничко музицирање и други.

Во согласност со заложбите за унапредување на културата на најмладите, во рамките на селектираните проекти од национален интерес беше поддржана реализацијата на оперските, балетските и на симфониските изведби наменети за децата; седум детски фестивали и проекти на македонски јазик, како и на јазиците на заедниците.

Во насока на определбите на Министерството за култура за создавање културен амбиент достапен за сите граѓани, а во согласност со настојувањата на Владата на Република Северна Македонија за збогатување на културната понуда за лицата со специфики, беше поддржана иницијативата на „Данцерс унитед“ ДОО Скопје со проектот „Инклузивна танцова претстава по повод 3 Декември – Ден на лицата со попреченост“.

Поддршката во музичко-сценската дејност овозможи да се реализираат и традиционалните манифестации: „Охридско лето“, „Денови на македонската музика“, „Интерфест“, „Скопски џез-фестивал“, „Оффест“, „Танц-фест“, „Струга фест“ и др.

**Самостојни уметници**

Во рамките на програмата, на Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и за персонален данок на доход за 2023 година, беа поддржани 44 лица – самостојни уметници од областа на музичко-сценската дејност.

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЦЕНТРИ НА КУЛТУРАТА, ФОЛКЛОР И СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

Во 2023 година, средствата од фолклорната дејност беа распределени за следниве активности:

| **Програмски активности** | **Исплатени средства** |
|---|---:|
| Национални установи | 60.302.459,00 |
| Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 20.104.143,00 |
| Трошоци за струја, комуналии, греење | 39.650.000,00 |
| Отпремнини и парична помош за вработените | 2.361.355,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2023 година | 22.199.319,00 |
| Општини и локални установи | 1.689.687,00 |
| Правни лица | 17.978.763,00 |
| Физички лица | 2.530.869,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од фолклорот и сценско-уметничката дејност за 2023 година беа поддржани 233 проекти, и тоа: 99 проекти на национални установи, 18 проекти на локални установи, 97 проекти на општини, здруженија и организации и 19 проекти на физички лица. Од нив беа реализирани 230 проекти, односно 99 % од одобрените проекти во 2023 година.

Во рамките на програмските активности на националните установи од обласа на фолклорната и сценско-уметничката дејност – Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ и Ансамблот за албански ора и песни во Република Северна Македонија – беа реализирани многубројни концерти со кореографии од различни региони на Република Северна Македонија; беа изготвени аранжмани и кореографии за различни народни ора и песни; беше извршен откуп на народни носии и делови од носии, накит и додатоци на носии; беше реализирана заштита на нематеријалното културно наследство на НУ „Танец“ преку видеодокументирање, како и издавање збирка нотографии на антологиски песни, ора и кореографии.

Во рамките на програмските содржини на центрите за култура беа поддржани сценско-уметнички проекти и концертни претставувања на културно-уметнички здруженија и на фолклорни групи од сите генерации и во различни формации во 15 центри за култура, и тоа во: Тетово, Кичево, Дебар, Штип, Делчево, Куманово, Струмица, Битола, Прилеп, Неготино, Гостивар, Струга, Охрид, Крива Паланка и Кочани.

Активностите на локалните установи особено беа насочени кон обезбедување услови за работа на културно-уметничките друштва што работат во составот на домовите, кои ја збогатуваат културната програма низ градовите.

Во рамките на сценско-уметничките проекти и концертни претставувања на културно-уметничките здруженија и на фолклорните групи беа реализирани многубројни концерти и фестивали: АКУД „Мирче Ацев“ – Скопје со својата годишна редовна активност; Здружение АНИП „Орце Николов“ – Скопје, Ансамбл „Керамичар“ – Велес, Здружение на Срби и Македонци КУД „Бранко Чајка“ – Тетово,

Здружение на граѓани Ансамбл за народни песни и игри „Емин Дураку“ – Скопје, Ансамбл за традиционална музика и игри „БОЈМИЈА“ – Гевгелија и многу други.

Во 2023 година беше поддржано и издавање на ЦД- и ДВД-изданија со песни, како и монографии на корисници – физички лица, а беше застапено и одржувањето на работилници и семинари за изучување на фолклорот на заедниците во државава.

Во рамките на програмата за 2023 година беа реализирани проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи, како: 75-годишен јубилеј на КУД „Јени Јол“, Скопје, Јубилеен концерт 75 години на сцена – АНПИ „Емин Дураку“ – Скопје, 20 години КУД „Бисер“, Кичево, Јубилеен годишен концерт КУД „Китка“, Драчево, 55 години постоење, Јубилеен концерт по повод одбележување на 30- годишнината на Ансамблот „Каршиака“, Годишен план за работа на КУЗ „Карпош“ – промовирање по повод 50 години постоење, Годишен концерт на фолклорниот ансамбл „Тиквеш“ – 70 години фолклорна дејност во Кавадарци и други.

Во насока на определбите на Министерството за култура за создавање културен амбиент достапен за сите граѓани, а во согласност со настојувањата на Владата на Република Северна Македонија за збогатување на културната понуда за лицата со специфики, беше поддржана иницијативата на Домот на културата „Димитар Беровски“ – Берово со проектот „Фолклорни работилници за деца со посебни потреби“, како и проектот „Меѓународен музички фестивал за лица со посебни потреби „Да подадеме рака“ на Здружението на млади за човекови права, антикорупција и самовработување ЕСЕ – Скопје.

Во 2023 година, традиционално се организираа најважните и најстари фолклорни манифестации и фестивали: „Десет дена Крушевска Република“, „Галичка свадба 2023“, Фестивалот на ора и песни „Кенге Јехо“, Фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“, Меѓународниот фестивал „Пролетни веселби – Хид Бах Шен“, Меѓународниот фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо – 2023“ – Истибања, „Делчево фест“ 2023 и други.

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН**

Во 2023 година, средствата за визуелни уметности, архитектура и дизајн беа распределени за следниве активности:

| **Програмски активности** | **Исплатени средства/реализирана програма** |
|---|---|
| Национални установи – 127 проекти | 11.343.000,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2023 година | 12.711.700,00 |
| Локални установи – 23 проекти | 1.217.400,00 |
| Здуженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти – 64 проекти | 6.043,800,00 |
| Физички лица – 85 проекти | 5.450.500,00 |
| | |
| **Конкурс „Култура во лето“ – 13 проекти** | **993.000,00** |

Во согласност со утврдената Годишна програма за 2023 година од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, беа одобрени вкупно 299 проекти, и тоа: 127 проекти на национални установи; 23 проекти на локални установи; 64 проекти на здруженија на граѓани, асоцијации и други правни субјекти и 85 проекти на физички лица. Од нив беа реализирани 279 проекти, односно приближно 96 %.

Дејноста главно се заокружи со реализација на изложбени активности (во галериските простори, во изложбените салони на музеите, во центрите и во домовите на културата, но и во други изложбено-галериски и алтернативни изложбени простори) кои презентираа остварувања од продукцијата на современите ликовни уметници, притоа оставајќи соодветно место за реализирање ретроспективни, тематски и рецентни аспекти во уметноста.

Во рамките на буџетските средства за Годишната програма, значаен акцент беше ставен на проектите поднесени од националните установи и локалните установи, но еднакво беа третирани и поднесените проекти од здруженија на граѓани и физички лица, односно од невладиниот сектор.

Квантитетот на проектите беше условен од одобрениот буџет, што делумно се одрази врз квалитетот на содржините, како и врз начиот на презентација. Оваа состојба најмногу се рефлектираше врз проектите што вклучуваа меѓународно учество на автори, па од тие причини, проектите беа концепциски приспособени кон расположливите средства.

Генерално, пред македонската јавност беа претставени значајни изложби на автори кои имаат оставено силен белег во градењето на македонската ликовна сцена, од кои се издвојуваат: „Ретроспективно-монографска изложба Миле Корубин“, „ Јубилејна изложба Ристо Калчевски – 90 години од раѓањето“, „Ретроспективна изложба 110 години од раѓањето Лена Стефанова“, „КОСМОЛОГИЈА“ – самостојна изложба на Симон Шемов, „55 години творештво Атанас Нашоку-Саку“, „Мозаици – 50 години творештво на академик Газанфер Бајрам – Битола“, „Драгољуб Бежан – Ретроспектива“, „Визии“ – Родољуб Анастасов, Томе Аџиевски и др.

Исто така, во согласност со приоритетите на дејноста, беа реализирани и тематски проекти, како и проекти што прават пресек на одредени периоди и стилски аспекти од актуелните тенденции во уметноста, и тоа: „14-то Биенале на млади уметници“, Меѓународна изложба „Сè што ни е заедничко“, „Изложба на тактилни слики (мотиви од делата од колекцијата на НУ Завод и музеј)“ и др.

Пред јавноста беа претставени и творечките опуси на рецентни автори од постарата и од помладата генерација. Во таа смисла, беа реализирани изложбите на: Тони Шулајковски, Слободан Милошевски, Атанас Атанасоски, Владимир Темков, Стефан Шашков, Димитрие Дурацовски, Митко Панов и др.

Оваа година беа реализирани неколку проекти од меѓународен карактер кои главно беа во рамките на групни изложби, додека самостојните претставувања на уметниците од странство беа од регионално значење, што генерално укажува на потребата од посериозен пристап и соработка со реномирани меѓународни центри, галерии и музеи. Ова особено се однесува на националните установи кои во своите програмски определби речиси и немаат продлабочена културна соработка со ниту една сродна институција од регионот, ниту со галерии и музеи од земјите во пошироки европски рамки.

На младите автори, како движечка сила во современите ликовни процеси, покрај поддршката на високообразовните институции за реализација на повеќе проекти, им беше овозможено и институционално активно вклучување, односно поддршка на сите први самостојни презентации, магистерски изложби, како и други рецентни претставувања.

Во согласност со принципиелната поставеност за рамноправен третман во поддршката на потенцијалните корисници на буџетски средства, покрај разбирливата поткрепа на националните, локалните и на други установи, беа поддржани и голем број здруженија, асоцијации и поединци кои значително влијаат врз остварувањето на ликовната дејност и профилирањето на ликовната клима. Како позначајни проекти се истакнаа: „Годишна програма“, која традиционално се реализира од ДЛУМ; „Меѓународниот салон за стрип“ во организација на Стрип-центарот на Македонија – Велес; „20-ти БИМАС – Биенале на македонската архитектура Скопје 2023“; „Ликовната критика денес“ во организација на АИКА; „Иднината како проект: Доксијадис во Скопје“; „Меѓународен фестивал на алтернативна фотографија Зрно 2023“; како и многубројни годишни изложби на друштвата на ликовните уметници од: Битола, Тетово, Гостивар, Виница, Кавадарци, Куманово, Гевгелија и др.

Во таа насока, значаен придонес се постигна со поддршката на одделни проекти чија цел беше, преку визуелните уметности, социјално да интегрираат одредени маргинализирани групи од најранлива категорија.

Соодветно место во практицирањето на дејноста во целост им припадна и на ликовните колонии: Струмичката, Кумановската, Галичката, Гостиварската, Лесновската и Копаничарската ликовна колонија; „Св. Јоаким Осоговски“ – Крива Паланка; Ликовната колонија во Тетово; Ликовната колонија во Белчишта – Дебрца; „Михајлово арт“ во Кавадарци; „Арт поинт Гумно – Демир Хисар“ „Мал битолски Монмартр“ во Битола и други. Покрај наведените колонии, во 2023 година поддршка добија и колонии кои главно имаат локален карактер – некои од нив наменети за деца, млади и студенти, а најголемиот дел од нив беа поддржани од Министерството за култура за првпат.

Во 2023 година беа реализирани значајни публикации од областа на ликовната уметност, и тоа: „Од ризницата на Националната галерија на Македонија“; „Пролегомена за македонската фотографија 3“; „Македонскиот стрип во ревијата ЈУ стрип“ од Александар Стеванов; „Соништа“ од Александар Станкоски, „Монографија за цртеж на Коле Манев“ и др.

Позитивниот тренд на флексибилна и толерантна поставеност, во која водечки принцип за прифаќањето на одделни проекти е нивниот квалитет, се однесува и на застапеноста на голем број автори од етничките заедници а дел од проектите кои издвојуваме се:: патувачката изложба на академскиот сликар Башким Меџити, како и изложбите на: Нора Халими, Гентијана Уручи, Озбек Ајваз, Џезаир Реџепи, Ешреф Ќалили, Натмир Лура, Лулзиме Лека-Мулаку и др.

Министерството за култура распиша конкурс „Култура во лето“, на кој беа поддржани 13 проекти со износ од 993.000,00 денари.

**Самостојни уметници**

Во рамките на Конкурсот за доделување месечни надоместоци на самостојните уметници за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и за персонален данок на доход за 2023 година, беа поддржани 46 лица – самостојни уметници од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ И ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИ ПРОЕКТИ**

Средствата за интердисциплинарна дејност за 2023 година во износ од 20.676.332,00 денари беа распределени за следниве теми и активности:

| | |
|---|---|
| **Одобрени проекти на Конкурсот за 2023 година** | **22.239.980,00** |
| **Реализирана програма за 2023 година** | **20.676.332,00** |
| Подготовка и реализација на проекти кои предвидуваат активности/продукции од две или повеќе области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други сфери | 16.387.538,00 |
| Развој на нови модели на јавни мултидимензионални простори за културно дејствување, развојни локални или регионални платформи и/или иницијативи кои ќе придонесат кон културни и социјални промени по пат на меѓусекторско поврзување | 2.496.680,00 |
| Проекти кои предвидуваат организирање дебати, конференции, работилници и слично за културата и уметноста во контекст на новите општествени теории за културата и за самиот поим култура | 2.932.465,00 |
| Проекти за истражување, едукација и промовирање на модели на дијалошки, критички и развојни современи културни политики | 423.297,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од интердисциплинарната дејност, во 2023 година беа поддржани 86 проекти, од кои: 63 проекти на здруженија на граѓани и 23 на физички лица. Од нив, 6 проекти беа откажани, а преостанатите 80, односно 93 % од одобрените проекти, беа реализирани во текот на изминатата година.

Во првиот вид проекти, „Подготовка и реализација на проекти кои предвидуваат активности/продукции од две или повеќе области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други сфери“, финансирани се 63 проекти, а се реализирани 59, од кои се издвојуваат: Центар за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи“ од Скопје со проектот „Мултимедијална кампања за инклузија на лица со интелектуална попреченост во културниот и социјалниот живот во Република Северна Македонија – *Далеку од нас*“, Здружение за промоција на документаристика МАКЕДОКС Скопје со проектот „Меѓународен фестивал на креативен документарен филм – *МакеДокс*“, Здружение за поддршка и производство на долгометражни и краткометражни филмови и поддршка на развојот на филмската дејност „Балкан синема ситис“ од Битола со проектот

„Саем на креативни индустрии/Creative Industries Expo  2023“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Јавна научна установа Институт за македонски јазик Крсте Мисирков – Скопје со проектот „Мисирков отпосле...“ и други.

Од финансираните 12 проекти во делот на развој на нови модели на јавни мултидимензионални простори за културно дејствување, развојни локални или регионални платформи и/или иницијативи што ќе придонесат кон културни и социјални промени по пат на меѓусекторско поврзување, се реализираа сите и од нив се издвојуваат по својата комплексност: Годишна програма на „Културно-социјален простор ЦЕНТАР – ЈАДРО“ на Установата од областа на културата Културно-социјален простор ЦЕНТАР – ЈАДРО Скопје, потоа проектот „Допри – Програма за инклузивен уметнички резиденцијален престој“ на Граѓанската асоцијација за мултимедијална театарска уметност, креативност и култура „Сенки и облаци“ од Скопје и други.

Од 12 проекти кои предвидуваат организирање дебати, конференции, работилници и слично за културата и уметноста во контекст на новите општествени теории за културата и за самиот поим култура, се реализираа  11 проекти, меѓу кои: проектот „Афирмација на културата и традицијата преку Креативни иновативни занаети за млади со скратено име #КИЗ4М#“ на Здружението Центар за локални иницијативи од Битола, проектот „Форум за интердискурзивен дијалог *Philosophia christiana* на Фондацијата за унапредување и поддршка на науката, истражувањето, образованието, уметноста, духовноста и културата *Свети Фотиј Велики*“ од Скопје и други. Од проектите за истражување, едукација и промовирање на модели на дијалошки, критички и развојни современи културни политики, финансирани се 2 проекта, а е реализиран еден.

Во согласност со приоритетите во оваа дејност, беа поддржани:

- Проекти што го негуваат културниот диверзитет, уметничкото творештво, со што се промовираат еднакви можности за сите;
- Проекти што го лоцираат независниот културен сектор како важен социокултурен чинител,
- Проекти и активности што ги стимулираат креативниот и уметничкиот потенцијал на сите граѓани независно од нивната етничка, верска, идеолошка, политичка, социјална, родова и старосна припадност.

## 3. СЕКТОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ (СЕКТОР КНИГА)

Во 2023 година, средствата за литература и издавачка дејност беа распределени за следниве активности:

| **Програмски активности** | **Одобрени средства** |
|---|---|
| Национални установи | 3.587.000,00 |
| | |
| Вкупно средства за одобрени проекти на Конкурсот за 2023 година | 49.939.917,00 |
| Публикации, списанија и електронско издаваштво | 42.672.891,00 |
| Манифестации и други литературни проекти | 7.267.026,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност беа поддржани 549 проекти, од кои беа реализирани 505 проекти, односно 92 % од вкупно поддржаните проекти во 2023 година.

Секторот за книга во 2023 година продолжи успешно да поддржува различни видови активности со кои се стимулираат и се развиваат издавачката дејност и литературата во Република Северна Македонија. Во оваа година се поддржаа проекти од повеќе области на издавачката дејност: 506 проекти за реализација на публикации, списанија и проекти од електронското издаваштво и 43 манифестации и други литературни проекти.

Во листата на поддржани изданија се најдоа дела на млади автори кои ја градат својата професионална репутација на национално и на меѓународно ниво, но и дела на етаблирани, потврдени автори со светско реноме. Меѓу нив се издвојуваат: Бајруш Мјаку, Владимир Мартиновски, Влада Урошевиќ, Сашо Кокаланов, Киро Донев, Томислав Османли, Јасмина Шопова, Емељ Туна, Владимир Јанковски, Ејуп Ајдини, Џабир Ахмети, Александар Прокопиев, Венко Андоновски, Ферид Мухиќ, Тихомир Јанчовски, Салајдин Салихи, Џеладин Муча итн. Министерството за култура обезбеди поддршка за: сите издавачки куќи кои со години егзистираат во македонскиот културен простор, но и за поновите, кои нудат квалитетна продукција на дела; институти и здруженија кои промовираат автори од сите етникуми што творат на македонски, албански, турски, српски, ромски јазик. Особено значајно е што Министерството поддржува изданија на Брајово писмо, што претставува придонес во збогатувањето на литературата за лицата со оштетен вид.

Се задржа континуитетот на одржувањето на: манифестацијата „Струшки вечери на поезијата“, „Рацинови средби“, „Денови на Наим“, Меѓународната турска поетска вечер „Јахја Кемал Бејатли“ и други, како и програмските активности на Друштвото на писателите.

Во рамките на дејноста беа поддржани 32 проекти за превод на македонски автори на странски јазици преку Конкурсот за финансирање преводи на странски издавачи на репрезентативни и квалитетни дела од македонската книжевност на странски јазици за 2023 година.

## 4. ***СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО***

### ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

Во 2023 година, средствата од буџетската програма за библиотечната дејност беа распределени за следниве намени и активности:

| **Програмски активности** | **Исплатени средства** |
|---|---|
| **Национални установи** – Програмски средства (проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 12.714.290,00 |
| Трошоци за електрична енергија, комуналии, греење | 8.864.000,00 |
| Испратнини за пензионирање, солидарна парична помош за вработените, комисии, пренесена обврска | 941.815,00 |
| **Локални установи** | 1.535.650,00 |
| Здруженија на граѓани | 902.400,00 |
| Физички лица | 150.000,00 |
| **ВКУПНО** | **26.491.299,00** |

На Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од библиотечната дејност за 2023 година се поддржани вкупно 159 проекти, и тоа: **125 проекти** на национални библиотечни установи и други национални установи, **27 проекти** на 16 локални установи**, 6 проекти** на 5 здруженија на граѓани и **1 проект** од физичко лице. Реализирани се сите проекти и искористени сите од вкупно одобрените средства за оваа година.

Основните и битни функции на секоја библиотека што претставуваат и законска обврска се поддржуваа и во 2023 година. Како такви се: збогатувањето на книжниот фонд на библиотеките, континуираното функционирање на библиотечно-информацискиот систем КОБИСС.МК, стручното оспособување на библиотечен кадар, а за заштитата на целокупниот библиотечен материјал се опфатени сите мерки и постапки што се преземаат за да се спречи, одложи или намали оштетувањето на библиотечниот материјал.

**Најзначајни проекти** за 2023 година поддржани во рамките на Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес подредени по области се следниве:

- купување публикации;
- мобилен информатички и комуникациски центар;
- подготвување информации за националната издавачка продукција преку изработка и објавување на македонската тековна библиографија и други библиографии;
- претплата на онлајн електронски списанија и книги и офлајн информациски бази на податоци;
- конзервација, реставрација и превентивна заштита на библиотечниот материјал;
- континуирано функционирање на библиотечно-информацискиот систем КОБИСС.МК и основна функционалност на центарот НУБ-ВБМ;
- стручно оспособување на библиотечен кадар;
- проекти за лица со посебни потреби;
- проекти наменети за деца;
- активности за популаризација на книгите.

Збогатувањето на книжниот фонд и натаму останува една од основните и битни функции на секоја библиотека. Тоа се претежно изданија преку кои се следи македонската тековна издавачка продукција и по нивната обработка стануваат јавно достапни за нивно користење. Се купуваат

македонски публикации за меѓународна размена преку кои на меѓународната јавност перманентно ѝ се презентира и ѝ станува достапна книжната или поинаку публикувана продукција. На овој начин, македонската издавачка продукција е застапена во голем број светски библиотеки, универзитетски, славистички и научни центри.

За да дојде книгата до читателите во најтешко достапните места во нашата држава, Министерството поддржува и подвижни библиотеки. Даде поддршка на одржувањето на мобилниот информатички и комуникациски центар – ИНФОБУС, кој успешно опслужува 18 населени места во Општина Штип. Во овие места живее различно етничко население.

Македонската тековна библиографија има цел да ја презентира издавачката продукција на монографски публикации, статии и прилози и сериски публикации издадени во Република Македонија. Светските од сериите од Македонската тековна библиографија се дистрибуираат до библиотеките во Република Северна Македонија и до сто и дваесет светски библиотеки, со што се афирмираат македонските културни и научни достигнувања.

Унапредување на информациските услуги во квалитативна и квантитативна смисла, нивно промовирање, презентирање, како и пребарување од корисници кои се дел од научната и културната јавност во земјава и во странство. Со средствата одвоени за оваа намена се овозможува пристап до електронски списанија, електронски книги, документи, мапи, фотографии и други материјали.

За заштитата на целокупниот библиотечен материјал се опфатени сите мерки и постапки што се преземаат за да се спречи, одложи или да се намали оштетувањето на библиотечниот материјал, на книжниот фонд, на македонскиот задолжителен архивски примерок, како и за заштита на старите ракописи, старопечатените и ретки книги.

За обучување стручен кадар за користење на информатичката опрема и за работа со КОБИСС-програмата, во НУ Национална и универзитетска библиотека ,,Св. Климент Охридски“ – Скопје се одржуваат курсеви и обуки за едукација и стручно оспособување на постојниот библиотечен кадар од сите национални, јавни и библиотеки во установи што не се од културата.

Проекти наменети за неподвижни и изнемоштени лица кои, за жал, се наоѓаат во подредена состојба, изолација и има недостиг на сериозен пристап за овозможување на нивната ресоцијализација и вклучување во нормалниот живот. Со овие проекти се придонесува за поголема интеграција на овие лица во општеството, а со самото тоа ќе се промени и содржината на секојдневието на оваа категорија граѓани, за кои општеството има обврска да стори нешто повеќе.

Многубројни се и проектите што се наменети за помладата популација во општеството –децата. Целта е нивно привлекување и анимирање преку афирмација и популаризација на библиотеката.

Промовирањето и презентирањето на тековната книжна продукција и на новооткупените книги беа присутни речиси во секоја библиотечна установа во државава. Имено, поддржани се сите библиотечни установи што доставиле пријави за финансирање вакви проекти.

## ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Во 2023 година, средствата од музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство беа распределени за следниве активности:

| **Програмски активности** | **Исплатени средства** |
|---|---|
| Национални установи | 109.897.124,00 |
| Програмски средства<br>(проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 84.383.307,00 |
| Трошоци за електрична енергија, комунални трошоци, греење | 24.443.570,00 |
| Отпремнини и парична помош за вработените | 1.070.247,00 |
| | |
| Одобрени проекти на Конкурсот за 2023 година | 10.626.300,00 |
| Локални установи | 3.112.950,00 |

| | |
|---|---|
| Други буџетски корисници | 1.537.300,00 |
| Здруженија на граѓани и НВО | 5.253.900,00 |
| Поединци – физички лица | 722.150,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство беа поддржани **264 проекти** од областа на археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста, природонауката и заштитата на нематеријалното културно наследство, и тоа: **181 проект** на национални установи, **25 проекти** на локални музејски установи, **8 проекти** на други буџетски корисници, **43 проекти** на здруженија на граѓани и НВО и **7 проекти** на поединци – физички лица. Од нив беа **реализирани 260 проекти,** односно 98,5 % од одобрените проекти во **2023** година.

Во програмата за 2023 година фокусот беше ставен на: систематските археолошки ископувања, природонаучните и етнолошките истражувања, каталогизацијата, непосредната конзервација на музејските предмети и заштитата на визуелната етнологија, откупот, воспоставувањето нови музејски поставки, гостувањата на повремени изложби, популаризацијата и презентацијата на нематеријалното културно наследство, како и дигитализацијата на духовното културно наследство.

**Приоритет** беше остварувањето на непосредната заштита на сите видови движно културно наследство, вклучително и валоризацијата и ревалоризацијата на движното и духовното културно наследство, обезбедувањето траен електронски запис и ефикасен пристап до документацијата за културното наследство и поттикнувањето на националните и на локалните установи за поголема соработка со граѓанскиот сектор и со организациите на лицата со попреченост.

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО**

Во 2023 година, средствата во областа на заштитата на недвижното културно наследство беа распределени за следниве активности:

| **Програмски активности** | **Исплатени средства** |
|---|---|
| Национални установи (Програми 50 и 58) | **47.876.136,00** |
| Програмски средства<br>( материјални трошоци за работа на установите) | **5.765.028,00** |
| Трошоци за електрична енергија, комунални трошоци, греење | **10.915.757,00** |
| Отпремнини и парична помош за вработените | **999.411,00** |
| | |
| Други исплати | **1.409.571,00** |
| Локални установи | **340.000,00** |
| Други буџетски корисници | **175.000,00** |
| Здруженија на граѓани и НВО | **1.242.000,00** |
| Поединци – физички лица | **325.000,00** |

Во рамките на Годишната програма од областа на заштитата на недвижното културно наследство беа одобрени вкупно **140 проекти,** од кои: **122 проекта** на **10** национални установи, **3 проекти** на 2 локални музејски институции, **1 проект** на друг буџетски корисник; 11 проекти од 11

правни субјекти и 3 проекти на 3 поединци – физички лица. Од нив, целосна или делумна реализација имаа вкупно **104 проекти** на национални установи, односно 72,8 %, додека **17 проекти** на другите корисници се целосно реализирани, или 96,4 %. Вкупната реализацијата на проектите е 73,5 % од сите одобрени проекти за 2023 година.

Во оваа област и во 2023 година, вниманието беше насочено кон адекватната заштита на сакралните и на профаните споменици на културата, како и на откриените структури од археолошките истражувања. Во оваа смисла, заврши реализацијата на повеќегодишниот проект за непосредна заштита: конзервација и реставрација, санација и ревитализација на заштитено недвижно добро *Алим-бегова куќа* во Тетово и продолжи реализацијата на преостанатите повеќегодишни проекти: адаптација на објектот *Св. Ѓорги/Мехмед-ефенди – Јени џамија* во галериски простор; конзерваторско-реставраторски работи на живописот од црквата *Св. Богородица Болничка* во Охрид; конзервација на централната кула од северниот бедемски ѕид на северната половина на *цитаделата,* како и доистражување на просторот од *Самуиловата тврдина* /цитедалата со цел ревитализација на целиот простор заради целосна презентација и самоодржување.

Во рамките на Програмата за работа на Владата, беа предвидени шест проекти од областа на заштитата на недвижното културно наследство: непосредна заштита на *Аквадуктот* во Скопје; *Сарајот на Ахмед Нијази-бег* во Ресен; црквата *Св. Богородица* во *Лешочкиот манастир* во село Лешок, Тетово; конзервација на црквата *Св. Ѓорѓи* во с. Курбиново, Ресенско; заштита и конзервација на недвижното и движното културно наследство на Лазар Личеноски и изработка на конзерваторски проект за реконструкција и адаптација на објектот на старото училиште на КП.2524, КО Љубојно, Општина Ресен.

Од другите проекти, треба да се спомнат: конзервација и реставрација на црквата *Св. Архангел Михаил и Св. Гаврил Лесновски – пустиножител* во *Лесновскиот манастир*; реализација на основен проект за конзервација и реставрација т.н. *Владетелска палата* на археолошкиот локалитет Градиште, с. Кнежје, Свети Николе, или Билазора; реализација на третата фаза на основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на *Стара џамија* во село Равен, Општина Гостивар; реализација на основниот проект за конзервација и реставрација на фасадите на објект на ул. ,,Наум Наумовски Борче“ бр. 88 во Скопје.

Од проектите што беа прогласени за културно наследство во опасност, целосно се реализираше проектот за непосредна заштита: реализација на проект за конзервација и реставрација, препокривање на црквата *Успение на Пресвета Богородица* во манастирскиот комплекс *Матејче*, с. Матејче (прва фаза).

Во рамките на Годишната програма за заштита на недвижното културно наследство, во соработка со територијално надлежните национални установи, во 2023 година се реализираа проектите за заштита и санација на спомениците од НОБ и Револуцијата. Се реализираа проектите за 6 (шест) споменици што имаат статус на заштитено културно наследство: Спомен-костурницата на паднатите борци од НОВ во Куманово; Могилата на непобедените и Спомен-обележјето „Песјобрдце“ во Прилеп и Прилепско; Меморијалниот комплекс на паднатите борци на Револуцијата во Штип; „Партизанските гробишта“ во Бутел – Скопје и Спомен-костурницата на паднатите борци од НОВ во Струмица. Во насока на прибирање релевантни показатели за состојбите со спомениците од НОБ, се извршија стручни увиди на териториите во надлежност на 2 (две) институции од областа на заштитата на културното наследство: НУ ЗЗСК и музеј од Охрид и од Битола.

**Во областа на заштитата на аудиовизуелните добра, во 2023 година** беа распределени одобрените средства за следниве активности:

| **Програмски активности** | **Исплатени средства** |
|---|---|
| Национална установа Кинотека на РСМ | 5.423.758,00 |
| Програмски средства<br>(проекти и материјални трошоци за работа на установите) | 5.423.758,00 |

| | |
|---|---|
| Трошоци за електрична енергија, комунални трошоци, греење | 1.516.790,00 |

Во рамките на Годишната програма од областа на заштитата на аудиовизуелните добра, во 2023 г. беа одобрени вкупно **5 проекти** на НУ Кинотека на РСМ, кои се делумно или целосно реализирани, односно реализацијата е 92 % од вкупно одобрените проекти.

Како позначајни проекти се посочуваат: континуирани активности за заштита и чување на филмови, филмски и видеоматеријали и друга кинотечна граѓа; дигитализација на македонски филмови и изработка на ДВД-изданија; преземање, прибирање, набавка и чување на филмови и филмски материјали, музејски експонати, пропаганден материјал и друга аудиовизуелна граѓа од институции и од поединци од областа на кинематографијата и др. Исто така, продолжи востановената практика за тематски проекции на домашни и на меѓународни филмски остварувања во кинотечното кино.

## 5. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО

Во 2023 година, средствата за меѓународна дејност беа распределени за следниве програмски активности:

| **Програмски активности** | **Исплатени средства** |
|---|---|
| Национални установи | |
| - Програма 90 (Билатерална, мултилатерална) | 16.268.354,00 |
| - Програма 93 (Центри во странство) | 100.000,00 |
| | |
| Одобрени проекти на други корисници | |
| - Програма 90 (Билатерална, мултилатерална) | 41.761.086,00 |
| - Програма 93 (Центри во странство) | 36.709.049,00 |

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата – меѓународна дејност, во 2023 година беа поддржани 254 проекти, од кои беа реализирани 243 проекти (96 % реализација) – 98 % од одобрените проекти во програма 90 (билатерална, мултилатерална) и 88 % во програма 93 (центри во странство). Исто така, беа поддржани 62 проекти на националните установи од областа на културата во делот на меѓународната дејност (реализирани се 57 проекти) програма 90, и 1 проект во програмата 93, центри во странство (реализиран е 1 проект). Министерството за култура поддржа и 13 проекти предложени од директорите на културно-информативните центри во странство (се реализираа сите 13 проекти).

Заложбите на Министерството за култура и во 2023 година беа да се поддржат: квалитетни и иновативни проекти; проекти во кои се вклучени етаблирани автори и репродуктивни уметници; проекти што се во функција на промоција и афирмација на младите талентирани уметници; проекти што се резултат на копродукциска соработка или соработка со меѓународни субјекти од областа на културата; проекти што ќе се реализираат во земјите претседавачи со ЕУ, во градовите европски престолнини на културата; проекти што се однесуваат на соработката со меѓународните организации. Во таа насока, од поголемите претставувања се издвоија: настапите на Драмскиот театар од Скопје во Љубљана, Подгорица, Белград и во Сараево во рамките на Регионалната унија на театри РУТА; гостувањето на Националната филхармонија во Дубровник; реципрочното гостување на Националната опера и балет во Белград; претставувањата на Амсамблот за народни песни и игри „Танец“ во Србија и во Бугарија, на Ансамблот на албански ора и песни во Косово, Албанија, Хрватска, Црна Гора и во Србија. Од реализираните проекти на другите корисници, вниманието на јавноста во регионот го привлекоа: настапите на ансамблот „Профундис“; концертите на Дино Имери, на Арда Мустафаоглу, на Ева Богоевска, на групата „Баклава“, на дуото Скупи; настапите на културно-уметничките друштва „Дримкол“, „Илинден„, „Вапцаров“, „Емин Дураку“, „Ибе Паликуќа“; изложбите на Решат Амети, Башким Меџити, Тони Васиќ, Сергеј Андреевски и др.

Традиционално се одржа и манифестацијата „Македонско културно лето во Корча и во Пустец“, а се реализираа и активностите на Македонско-хрватското друштво „Марко Марулиќ“. Меѓународната соработка со земјите од регионот беше посебно изразена преку реализацијата на двете изложби: „Сребрена Тракија“ во Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија и „105 години Требениште“ во Националниот археолошки институт и музеј при Бугарската академија на науките во Софија, а со посебно внимание треба да се издвои и изложбата на Музејот на современата уметност од Скопје, „Ниту едно чувство не е конечно“, што беше претставена во престижниот простор на Кунстхале (Kunsthalle) во Виена.

Посебен акцент во 2023 година беше ставен и на поддршката на иницијативите што се во насока на усогласување на културните политики во Република Северна Македонија со релевантните културни политики, пред сè, на ОН, УНЕСКО, ЕУ, како и на активна партиципација на нашата држава во политиката на ЕУ за отворање и збогатување на европскиот културен простор.

- **Меѓународни документи, спогодби и програми за соработка**

Министерството за култура континуирано ја остварува билатералната соработка со другите земји и врз основа на меѓународни документи, спогодби и програми, кои се правна рамка за институционално поврзување на државите. Во текот на 2023 година се вршеше усогласување на текстовите на билатералните документи со: Република Косово, Република Грција, Република Австрија, Соединетите Мексикански Држави, Обединетите Арапски Емирати, Индија и др. Во текот на годината беа потпишани спогодби/договори со Црна Гора, со Република Турција, а беше процесуиран и Договорот за соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло врз чија основа, во декември 2023 година 20 икони беа преземени во нашата држава. Ова беше историски чин имајќи го предвид фактот дека процесот на реституција започна уште во 2013 година и е редок пример за завршена и процесуирана постапка во регионот и пошироко.

Во 2023 година се одбележа 30-годишнината од воспоставувањето на билатералните односи со Обединетото Кралство, во чии рамки се реализираше посета на министерот за култура и по овој повод, пред британската јавност беше претставено македонското творештво преку концертот на пијанистот Дино Имери и хрватскиот пјанист Ведран Јањанин.

- **Учества на меѓународни настани, традиционални манифестации, комплексни претставувања**

Република Северна Македонија континуирано партиципира на светски етаблираните културни настани од типот на Биеналето на ликовната уметност и на архитектурата во Венеција. Во таа смисла, нашата држава на оваа престижна манифестација во 2023 година беше претставена преку проектот „Лабораторија од минатото за иднината: Приказни за летната школа за архитектура во манастирот Св. Јоаким Осоговски 1992 – 2017“ (комесар Национална галерија на Република Северна Македонија), кој беше проследен со големо внимание од културната јавност и посетителите на Биеналето.

Во контекст на континуираното присуство на Република Северна Македонија во светските метрополи, треба да се спомене и одржувањето на традиционалната манифестација „Македонија во чест на Св. Кирил во Рим“, која се реализира веќе пет децении. Во 2023 година во рамките на манифестацијата беше реализиран концерт на младите талентирани музичари Магдалена Дрмач – виолончело и Гоце Златев – пијано.

Со оглед на фактот дека Република Северна Македонија активно партиципира во иницијативата Отворен Балкан, во Српскиот културен центар во Париз беше реализирана изложба на уметници од сите три држави учеснички во иницијативата, во чии рамки се претстави македонската авторка Кристина Пулејкова. Овој настан ги манифестираше заложбите на трите држави за унапредување на соработката преку реализација на заеднички проекти и иницијативи.

- **Саеми на книгата**

Република Северна Македонија со исклучително внимание настојува да ги претстави своите книжевни, преведувачки и издавачки достигнувања на светските книжевни настани. Во 2023 година, во рамките на Конкурсот за меѓународна дејност, беше поддржано учеството на саемите на книгата во Лајпциг и во Истанбул преку проектите на НУБ „Св. Климент Охридски“ од Битола, односно Новинско-издавачкото друштво Шкупи Дооел. На овие саеми акцент беше ставен на творештвото на актуелните автори чии дела веќе се преведуваат и на други странски јазици.

- **Културно-информативни центри во странство**

Министерството за култура, преку своите годишни програми, континуирано поддржува и проекти што се реализираат во културно-информативните центри во странство и овозможуваат претставувања на творештвото на авторите од Република Северна Македонија и на репродуктивните уметници, како и збогатување на нивните искуства и контакти.

Во изминатите години се зголеми интересот за отворање нови центри. Во таа смисла, во 2023 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија беше ратификуван Договорот меѓу Република Северна Македонија и Република Србија за отворање културно-информативни центри во двете држави, по што следната година се очекува спроведување на процедурите за нивно отворање.

Програмата на центрите во 2023 година, со мали исклучоци, беше комплетно реализирана. Пред странската јавност во Њујорк, Софија, Тирана, Истанбул и во Загреб се претставија: уметниците Стојан

Димов, Лек Груби, Ѓорѓи Цуцковски; авторите Владимир Темков, Исмет Рамиќевиќ; хорот „Менада“; Друштвото за издавачка дејност „Макавеј“ и др.

Повеќе години Министерството за култура на Република Северна Македонија на годишно ниво поддржува и двомесечен престој на 6 македонски уметници во македонското ателје при Меѓународниот град на уметностите во Париз.

Овој престој е убава можност за уметниците од нашата земја да соработуваат со своите колеги од светот и да реализираат изложби во овој реномиран културен простор. Во 2023 година беше реализиран престој на неколку уметници во Париз, меѓу кои: Јана Манева Чуповска, Петра Јовановска Ристовска, Јана Луловска и Сашо Блажевски.

- **Мултилатерална соработка**

Што се однесува на мултилатералната соработка, Министерството за култура, во чии рамки дејствува Националната комисија за УНЕСКО, во 2023 година беше вклучено во проекти и иницијативи на Организацијата.

Во оваа насока треба да се истакне дека особено внимание беше посветено на активностите што се однесуваат на состојбата со заштитата на „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“, добро впишано на Листата на УНЕСКО за светско наследство. Ажурираниот Извештај за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион, со Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030), како негов составен дел, беше усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија и со интергираниот дел од извештајот што се однесува на реализираните активности од страна на надлежните институции од Република Албанија, како заеднички официјален документ на двете држави, беше доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

Врз основа на Извештајот за напредокот, како и врз основа на други сознанија што Центарот за светско наследство на УНЕСКО ги добива од други страни различни од државата членка, на 45. сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, што се одржа од 10 до 25 септември 2023 година во Ријад, Кралство Саудиска Арабија, на која присуствуваше делегација предводена од министерот за култура и претседател на Националната комисија за УНЕСКО, беше донесена одлука со која се поздравуваат напорите што ги прават државите членки во насока на намалување на факторите што негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на регионот и не се предлага впишување на Охридскиот Регион на Листата на светско наследство во опасност.

Треба да се истакне дека изданието „Водич и прирачник за оцена на влијанието во контекст на светското наследство“ во 2023 година се преведе на македонски јазик од страна на: Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа со седиште во Венеција, Италија; Центарот за светско наследство на УНЕСКО; Меѓународниот центар за изучување на заштитата и реставрацијата на културното наследство (ИКРОМ); Меѓународниот совет за споменици и локалитети (ИКОМОС) и Меѓународната унија за заштита на природата (ИУЦН), со поддршка од Министерството за култура на Република Северна Македонија. Водичот има цел да обезбеди насоки за оцена на влијанието во контекст на светското природно и културно наследство и поттикнува меѓусекторска, мултидисциплинарна соработка со цел да се идентификуваат решенија за заштита на добрата што се светско наследство.

Во 2023 година, Министерството за култура на Република Северна Македонија, во координација со Министерството за култура и туризам на Република Турција, го достави до УНЕСКО мултинационалното досие „Традиционалната изработка и свирење на гајда“ за впишување на Листата на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото во 2024 година.

Во рамките на проектот за повторното воспоставување заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау, треба да се истакне дека државите сукцесори, со поддршка од Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа, го усогласија текстот на Договорот за финансирање на повторното воспоставување заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау.

На 21 март 2023 година, по повод Светскиот ден на поезијата, во седиштето на УНЕСКО во Париз, Франција, беше реализиран Меѓународен колоквиум, кој МАНУ го организираше во соработка со Фондацијата „Ацо Шопов – Поезија“. Колоквиумот беше проследен со поетскиот перформанс „Долго доаѓање на огнот“ и придружен со изложбата „Патот по кој чекорам“, на која беа прикажани животот и

делото на Ацо Шопов. Во настаните беа вклучени учесници од повеќе држави од целиот свет и беа проследени од дипломатскиот кор во УНЕСКО и многубројни гости.

Симпозиумот беше дел од Националната програма „2023, Година во чест на Ацо Шопов“, под покровителство на Претседателот на Република Северна Македонија. Особено важно е да се истакне дека на настанот официјални обраќања имаа Претседателот на РСМ и министерката за култура и претседател на Националната комисија, а беше отворен од страна на генералниот директор на УНЕСКО, г-ѓа Одре Азуле. На настанот беа објавени и добитниците на наградите на фестивалот Струшки вечери на поезијата: *Златниот венец* и *Мостовите на Струга* за млад поет што се доделува во партнерство на УНЕСКО.

На почетокот на годината беа организирани информативни сесии за проектот „Култура и креативност за Западен Балкан“ финансиран од Европската Унија, а имплементиран од УНЕСКО, Британскиот совет и од Италијанската агенција за развојна соработка, чија цел е да се поттикне меѓукултурниот дијалог во Западен Балкан преку зацврстување на културните и креативните сектори.

Од активностите, важно е да се истакне и формирањето на Катедрата на УНЕСКО за писменост за иднината и на медиумската и информатичката писменост во рамките на Институтот за комуникациски студии од Скопје, во рамките на Мрежата на УНЕСКО на Катедри (UNITWIN), како и обновувањето на Катедрата за интеркултурни студии и истражување при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, која беше формирана во 2014 година.

На Повикот на УНЕСКО за финансирање проекти од Меѓународниот фонд за културната разноликост за 2023 година, нашата држава, во онлајн платформата на УНЕСКО за понатамошна финална селекција, поднесе 4 проекти, и тоа: „Премостување на јазот: вештини за мапирање и градење капацитети за македонската индустрија за развој на игри“ – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, „Откривање на културната таписерија: Дигитализирање и преведување на наследството за разновидно утре“ – НУ „Конзерваторски центар“ – Гостивар, „Мапирање и унапредување на потенцијалот на културните и креативните индустрии“ – Унија на македонски здруженија за креативни индустрии – Скопје и „Проект за млади во однос на културното зајакнување и разновидноста“ – Македонски центар за граѓанско образование – Скопје.

Во рамките на членувањето во Меѓународната фондација „Форум на словенските култури“, во 2023 година, како една од земјите основачи, обезбедивме средства за котизација, но се вклучивме и во иницијативите и активностите на оваа еминентна организација. Наши претставници и експерти учествуваа на 9. доделување на наградата „Жива“ за најдобар музеј од словенските држави, што се одржа во Братислава, Словачка; на колоквиумот во Пиран; на музејската работилница за споделување добри практики во Љубљана, Словенија и др.

НУ Завод и музеј од Битола, во соработка со Форумот на словенските култури, одржа работилница „Музеите кои значат – Постојани музејски поставки и работа со посетители“, на која учествуваа стручни лица од голем број македонски музеи, а предавачи беа Андреја Рихтер, директор на Форумот на словенските култури, и Масимо Негри, научен директор на Европската музејска академија.

Како и секоја година, за членувањето во меѓународните организации во кои партиципираме како држава преку своите институции, здруженија и експерти од областа на културата и кои се со консултативен статус при УНЕСКО и други меѓународни организации, Министерството за култура во 2023 година обезбеди финансиска поддршка за покривање на трошоците за годишните котизации/членство и за реализација на одредени активности во рамките на соодветните меѓународни организации (ИКОМ, ИКОМОС, АИКА, ИССН, ИФЛА, АЦЕ, ФИАФ, ЦИОФФ).

Во текот на 2023 година продолжија и активностите што се дел од Акцискиот план, кој е во состав на Договорот за стратешко партнерство со САД од 2022 година. Во таа смисла, беше направена анкета за интересот за дошколување на млади талентирани музичари на „Manhattan School of Music“ (на: Факултетот за музичка уметност – Скопје, Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски-Луј“, Музичкото училиште Битола и Факултетот за музичка уметност – Штип), беше воспоставен контакт со Музејот „Смитсонијан“ (Smithsonian museums) за реализација на изложбата на графичките икони во 2025 година, како и контакт со Музејот на уметноста „Метрополитен“ (Metropolitan museum of art) каде што се испратени материјали за музеите од Република Северна Македонија. Во

почетокот на 2024 година ќе се реализираат средби со претставници од овие институции на кои ќе се договорат следните чекори за унапредување на соработката и реализација на планираните активности.

Во врска со претседавањето на Република Северна Македонија со Процесот за соработка во Југоисточна Европа, 1 јули – јуни 2024 година, во согласност со утврдените приоритети, Министерството за култура во 2023 година обезбеди поддршка за реализацијата на Меѓународниот форум „Одржливо претприемништво во креативните индустрии“, кој го организираше Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии (УМПАКИ). На форумот беа разгледани конкретните мерки за поддршка на субјектите во креативните индустрии предвидени во националните планови, како новата Стратегија за развој на културата, која е во фаза на изработка и ги апострофира креативните индустрии како активни економски чинители.

Третото издание на Меѓународниот форум ги обработуваше следниве теми: 1. Одржливи ресурси на креативната индустрија 2. Иновативни решенија и технологија за одржлив развој на креативните индустрии 3. Одржливи решенија за претприемништво во креативните индустрии 4. Инклузивност и родова застапеност во креативните индустрии 5. Дигитализација и зелени решенија во креативните индустрии 6. Добри практики – модели на одржливост во креативните индустрии. До јуни 2024 година се предвидени и други активности, како: министерски форум на тема „Предизвиците во заштитата на културното наследство“, во чии рамки ќе биде потпишан Меморандум за соработка меѓу земјите од Западен Балкан; министерски форум на тема „Одржливи туристички практики во функција на ограничување на негативното влијание на туризмот врз културното наследство, животната средина и локалното население“, а ќе се реализира и проектот „Од младите за најмладите“ – изработка на мобилна апликација за деца во која ќе бидат вклучени и млади/студенти од факултетите за информатички науки и компјутерско инженерство од земјите на Југоисточна Европа.

## 6. ***СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ***

**Во 2023 година, средствата за Програмата од областа на европските интеграции беа распределени за следниве активности:**

| Програмски активности | Исплатени средства |
|---|---|
| **Национални и локални установи** | **Вкупно: 5.278.955,00** |
| Програмски средства (финансиска поддршка за одобрени проекти на националните и на локалните установи на Конкурсот за 2023 година) | 555.285,00 |
| Програмски средства (национално финансирање на европскиот проект ,,Конзервација и реставрација на културно-туристичкиот комплекс *Св. Ѓорги* во Старо Нагоричане“ во согласност со Финансиската конструкција за реализација на проектот за периодот 2023 – 2024 година. (Ревидиран динамичен план бр. 08-32/2 од 31.01.2023 г. и Анекс на договорот бр. 37-2234/1 од 23.02.2022 г.) | 2.950.000,00 |
| Програмски средства (исплата за авиобилети и хотелски сместувања за билатералните скрининзи за сите поглавја во кои е вклучено Министерството за култура, како и писмени преводи на документација од македонски на англиски и на албански јазик) | 798.670,00 |
| Програмски средства (исплата за надоместок за извршена работа на членови на Работната група за изготвување нацрт-текст на Предлог-национална стратегија за развој на културата со акциски план (2023 – 2027) со Решение бр. 53-627/23 од 18.07.2023 година) | 445.000,00 |
| Програмски средства (исплата за влезен билет за учество во Програмата за културните рути на Советот на Европа) | 530.000,00 |
| | |
| **Други корисници** | **Вкупно: 13.226.994,00** |
| Програмски средства (исплата за поддржани проекти од програмата на Креативна Европа (2014 – 2020) и (2021 – 2027) – потпрограма Култура на правни лица од Република Северна Македонија | 10.919.401,00 |
| Програмски средства (исплата за влезен билет за програмата ,,Креативна Европа – потпрограма Култура (2021 – 2027)“ за 2023 година | 1.680.014,00 |

| | |
|---|---|
| Програмски средства (исплата по основа на пренесени обврски од 2022 во 2023 година за кофинансирање проекти на Креативна Европа и Западен Балкан | 627.579,00 |
| **Вкупно исплатени средства за реализација на Програмата на Секторот за европски интеграции за 2023 година** | **Вкупно: 18.505.949,00** |

## 1. Програма „Креативна Европа на ЕУ“ 2021 – 2027

Врз основа на поканата на Европската комисија од март 2022 година за поднесување предлог (CREA-Cross-sectoral-2022-CEDESKS-IBA), канцеларијата (потпрограми Култура и МЕДИА) ја подготвија својата прва апликација и беше доставена до Извршната агенција (EACEA) во согласност со крајниот рок 15 јуни 2022 година. По нејзината евалуација од страна на донаторот, Канцеларијата ја спроведе постапката на онлајн администрирање на апликацијата за потпишување на грант-договорот (GAP). Во меѓувреме беше спроведена постапката за промена на LEAR во Министерството за култура. Двогодишниот „Грант-договор бр. 101101834 – CED МК“ (2023 – 2024) беше потпишан на 21 декември 2022 година меѓу Извршната агенција за образование и култура, Министерството за култура и Агенцијата за филм, а официјално започна да се спроведува од страна на Канцеларијата од 1 јануари 2023 година.

Во согласност со актуелниот меѓународен договор од страна на Министерството и Агенцијата за филм, во периодот од март 2022 година до март 2023 година беше реализирана уплатата на националната контрибуција – влезен билет за учество на нашата држава во Креативна Европа за 2022 година, а во согласност со крајниот рок, на 16 јуни 2023 година е реализирана е уплатата за учество на нашата држава во потпрограмата Култура (на 28 јуни 2023 година е реализирана уплата за учество во потпрограмата МЕДИА).

Во периодот од мај 2022 до мај 2023 година, Канцеларијата за Креативна Европа – потпрограма Култура ги реализираше следниве оперативни и програмски активности:

(1) Одделението за Креативна Европа – потпрограма Култура организираше 5 информативни сесии во Скопје, Гостивар, Тетово, Велес и во Штип (24 – 27 јануари 2023 г.), за потпрограмата Култура и двете категории: Проекти за соработка и Циркулација на европски книжевни дела.

(2) Техничка помош за заинтересираните потенцијални апликанти за повиците за аплицирање за категорите Проекти за соработка и Циркулација на европски книжевни дела.

(3) Промоција на поддржани проекти во рамките на програмата Креативна Европа – потпрограма Култура.

(4) Медиумска промоција на програмата, актуелните повици, успешните проекти преку електронските медиуми, веб-страницата и фејсбук-профилот на Министерството за култура.

(5) Учество на состаноци на мрежата на Креативна Европа и следење различни тренинзи и вебинари преку платформата „Тимс“.

(6) Индивидуални консултации со заинтересирани потенцијални апликанти.

(7) Во тек е подготовка на податоци за нова веб-страница на Канцеларијата со дополнителни алатки.

(8) Активности поврзани со механизмот на кофинансирање на поддржаните проекти од потпрограмата Култура и негово редизајнирање во согласност со критериумите на новата, односно актуелната програма на ЕУ.

(9) Активно учество во процесот на подготовка на документот за Билатералниот скрининг за Кластер 6, Поглавје 3.26, и негова презентација од страна на Одделението за Креативна Европа – потпрограма Култура, а кој се одржа на 30 мај во Европската комисија во Брисел.

(10) Транснационален и времежувачки настан за можностите на Креативна Европа во 2024 година: во согласност со работната програма на Одделението за Креативна Европа на ЕУ – потпрограма Култура и препораките од состанокот за Билатералниот скрининг за Кластер 6, Поглавје 3.26, кој се одржа на 30 мај во Европската комисија во Брисел; на 6 и на 7 декември во Скопје се одржа дводневен Транснационален и вмрежувачки настан посветен на можностите на потпрограмата Култура на Креативна Европа во 2024 година. Настанот беше организиран од Министерството за

култура во соработка со партнерските организации: Град Скопје (ЕПК 2028) Град Руан (кандидат за ЕПК 2028) и канцелариите на Креативна Европа (Култура) од земјите членки на Европската Унија (Белгија, Германија, Словенија), земјите од Западен Балкан (Албанија, Црна Гора, Србија) и земјите од источното соседство на Европската Унија (Грузија).

Програмата Креативна Европа им овозможува на организациите и на професионалците од културниот и креативниот сектор различни видови финансирање на европската културна соработка и развојот на нивните активности. Во оваа насока, настанот примарно беше посветен на можностите во рамките на потпрограмата Култура, но и на поширокиот стратегиски контекст на програмата Креативна Европа, вклучувајќи ги и Годишната програма за работа за 2024 година и приоритетите во културните и креативните сектори во рамките на белгиското претседателство со Советот на Европската Унија. Канцелариите на Креативна Европа ги претставија можностите за финансирање за 2024 година, и тоа акциите: Проекти за европска соработка, Европски платформи и Европски мрежи, Паневропски културни ентитети, Циркулација на европски книжевни дела и книжевни преводи, Културата ја движи Европа (Culture Moves Europe), Изведувачка Европа (Perform Europe). Истовремено, претставниците на канцелариите споделија искуства во врска со спроведувањето на програмата Креативна Европа во 8 земји учеснички во програмата Креативна Европа – Култура. Особено внимание се посвети на презентација на тековниот „Повик за европска соработка“ за 2024 година (цели, приоритети, е-апликација), за кој беше одржана целодневна работилница, на која беа презентирани целите, приоритетите и критериумите за повикот и беа споделени совети за подготовка на успешни апликации со меѓународна димензија.

Дополнително, земајќи ја предвид неодамнешната номинација на Европската комисија, Скопје – Европска престолнина на културата (ЕПК) во 2028 година, беше посветено внимание на важноста на оваа акција на програмата Креативна Европа во рамките на дебатата „Европската димензија и одржливоста на европските престолнини на културата“ на која учествуваа претставници од Град Скопје и од Град Руан, кој беше кандидат за оваа престижна титула. Беше претставен и проектот „CreArt“ (поддржан од програмата Креативна Европа) со цел да се истакнат придобивките од поддршката на ЕУ за културните и креативните сектори, како и да се охрабрат организациите да ги искористат можностите за учествуво во програмата Креативна Европа.

**Поддржани проекти**

- **Категорија – Проекти за европска соработка**

Во рамките на повиците за аплицирање објавени во 2023 година, поддржани се 7 проекти од категоријата Проекти за соработка, од кои: 1 проект во кој македонска организација е водечки партнер во проектот и 6 проекти од категоријата Циркулација на европски книжевни дела и литературни преводи.

Во текот на 2023 година беа објавени два конкурса од страна на Министерството за култура за учество во финансирање проекти на правни лица од Република Северна Македонија, кои се поддржани од програмата Креативна Европа (2014 – 2020) и (2021 – 2027) – потпрограма Култура на Европската Унија за 2023 година, и еден Конкурс за учество во финансирање проекти на правни лица од Република Северна Македонија, кои се поддржани од програмата Креативна Европа (2021 – 2027) – потпрограма Култура на Европската Унија за 2024 година, со средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Во рамките на првиот објавен конкурс за 2023 година, од програмата на Креативна Европа (2014 – 2020) – потпрограма Култура се одобрени финансиски средства за кофинансирање на вкупно 3 проекти, во вкупен износ од 4.113.090,00 денари, а во рамките на вториот објавен конкурс за 2023 година, од програмата на Креативна Европа (2021 – 2027) – потпрограма Култура се одобрени финансиски средства за кофинансирање на вкупно 16 проекти, во вкупен износ од 8.458.160,00 денари. Заклучно со декември 2023 година, за кофинансирање на одобрени проекти од програмата

на Креативна Европа (2014 – 2020) и (2021 – 2027), исплатени се финансиски средства во вкупен износ од 10.919.401,00 денари.

2. **Агенда на ЕУ за Западен Балкан за иновации, истражување, образование, култура, млади и спорт**

Активно учество на Министерството за култура во Програмата за Западен Балкан на Европската комисија чија цел е да ја зајакне соработката меѓу Европската комисија и земјите од Западен Балкан во процесот на преговорите во повеќе области, меѓу кои и во секторот култура.

Министерството за култура достави приоритети до Европската комисија со цел тие да бидат вградени во текстот на Агендата.

Министерството активно учествуваше во активностите поврзани со Агендата на ЕУ за Западен Балкан за иновации, истражување, образование, култура, млади и спорт, како што е учеството на подготвителниот состанок и на министерскиот состанок на министри за култура во рамките на платформата што се одржаа на 27 и 28 јуни 2022 година, на кои учествуваше министерката за култура.

На 7 декември 2023 година, претставник од Министерството за култура учествуваше на онлајн состанокот на членовите на Платформата за култура на Западен Балкан, каде што, меѓу другото, партнерите од Западен Балкан дадоа краток осврт на културната политика за изминатиот период, односно за периодот од последниот министерски состанок, а на кој беа предложени и можни теми за претстојниот состанок што се планира да се одржи во текот на 2024 година.

3. **Соработка со Советот на Европа**

Претставници од Секторот за европски интеграции редовно учествуваат на состаноци на Управувачкиот комитет за култура, наследство и предел (CDCPP) на Советот на Европа и на други настани поврзани со програмата *Културни рути на Советот на Европа,* при што се разгледуваат и можностите за конкретна соработка во сферата на културата со цел развој на културниот туризам и општиот економски развој на државава.

Така, и во текот на оваа година, претставник од Министерството за култура учествуваше на 12. пленарна онлајн сесија на Управувачкиот комитет на Советот на Европа за култура, наследство и предел (CDCPP), која се одржа од 15 до 17 ноември 2023 година во Стразбур, Франција.

Во функција на зајакнување и продлабочување на соработката со Советот на Европа во рамките на *Програмата за културните рути*, Република Северна Македонија од 16.9.2022 година официјално пристапи кон Проширениот парцијален договор за културните рути на Советот на Европа (EPA), со сите права и обврски што произлегуваат од него.

Од 1 декември 2023 година, ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп официјално е полноправен член на асоцијацијата на *Културната рута на Св. Кирил и Методиј*.

Министерството за култура редовно и навремено ги намирува обврските за уплата за влезниот билет за учество на македонските субјекти во културните рути. Така и оваа година, во текот на март, Секторот за европски интеграции ја има намирено обврската за уплата за влезниот билет за *Програмата за културните рути*, во вкупен износ од 8.520,87 евра.

4. **Инструмент за претпристапна помош и друга странска помош**

Во текот на 2023 година продолжи националното кофинансирање на проектот „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св. Ѓорѓи – Старо Нагоричане“, кој е еден од најзначајните проекти поддржани преку ИПА, а кој се имплементираше во рамките на првата компонента ТАИБ 2009 – Помош при транзиција и институционална надградба.

Министерството за култура и оваа година продолжи со финансирање на овој проект, во согласност со Анексот на Основниот договор бр. 37-2234/1 од 23.02.2022 година, склучен меѓу Министерството

за култура и НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, и доставениот ревидиран Динамичен и финансиски план бр. 08-32/2 од 31.01.2023 година, за временскиот период 2022 – 2024 година, во вкупен износ од 16.350.000,00 денари, распределен по годишни фази, и тоа:

– за 2023 г. се предвидени 9.150.000,00 денари;
– за 2024 г. се предвидени 7.200.000,00 денари.

Така, во текот на 2023 година, за финансирање на предметниот проект, на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје му беа преведени средства во вкупен износ од 2.950.000,00 денари.

Во рамките на Годишниот конкурс на Министерството за култура за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2023 година, одобрени се финансиски средства за поддржување вкупно 8 проекти од областа на европските интеграции, на 5 национални установи, во вкупен износ од 555.285,00 денари.

Склучени се 5 договори со националните установи за учество во финансирање на нивните програмски активности во областа на европските интеграции, а се исплатени средства на 5 национални установи во вкупен износ од 555.285,00 денари за реализација на нивните проекти и членарини.

Од програмските средства, за надоместок за извршена работа на членови на Работната група за изготвување нацрт-текст на Предлог-национална стратегија за развој на културата со Акциски план (2023 – 2027) со Решение бр. 53-627/23 од 18.07.2023 година, беа исплатени средства во вкупен износ од 445.000,00 денари

Во однос на програмите за прекугранична соработка на РС Македонија со соседните земји (Р Грција, Р Бугарија, Р Албанија, Р Косово и Р Србија), претставници од Секторот за европски интеграции, како членови на комисијата за следење на овие програми, редовно доставуваа коментари и забелешки во однос на процедурите и активно учествуваа на состаноците одржани во текот на оваа година.

Исто така, претставник од Секторот за европски интеграции, како член/заменик-член, учествуваше на состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД-програмата 2014 – 2020 и 2021 – 2027, што се одржаа на 29 март 2023 година во Струмица и на 21 декември 2023 година во Скопје.

## 5. Усогласување и усвојување на правото на ЕУ

Во текот на 2023 година, на квартално ниво се реализирани активности во насока на планирање, подготовка, следење и известување за имплементација на Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА), Поглавје 26, и ажурирање на матрицата. До Министерството за образование, со кое заедно го претставуваме Поглавјето 3.26, беа доставувани квартални извештаи за реализирани активности (тековна состојба, краткорочни и среднорочни приоритети), кои се однесуваа на:

1. Креативна Европа (КУЛТУРА И МЕДИА)
2. УНЕСКО
3. Меѓународна конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази и Охридски Регион
4. Законодавство
5. Креативни индустрии.

Дополнително, на барање од Секретаријатот за европски прашања, Министерството за култура доставува ажуриран придонес кон извештајот на Европската комисија за Република Северна

Македонија. Последниот извештај беше доставен за периодот март 2022 – март 2023 година. Ажурираниот придонес се однесува на следниве области од културата:

1. Имплементација на стратегијата на Министерството за култура
2. Меѓународна конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази
3. Креативна Европа (КУЛТУРА И МЕДИА).

Исто така, во јуни 2023 година, до Секретаријатот за европски прашања беше доставен писмен материјал за подготовка на Министерството за култура за учество на деветнаесеттиот Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика на 21.9.2023 година. Истиот материјал, на англиски јазик, беше доставен до Секретаријатот за европски прашања во август 2023 година. Материјалот за Поткомитетот опфаќаше информации за:

1. Креативна Европа и МЕДИА
2. Легислатива
3. Заштита на културно наследство, старите чаршии.

### 6. Преговарачки процес со Европската Унија

Билатералниот скрининг за Поглавје 3.26 се одржа на 30 мај 2023 година во Брисел. На состанокот учествуваше Министерот за култура, како и дел од работната група назначена од Министерот. Во периодот од февруари до мај 2023 година, работната група работеше на подготовка на одговори на прашањата што беа добиени од Европската комисија, како и на подготовка на Презентација за културните политики на Република Северна Македонија.

За билатералниот скрининг за Поглавје 3.26, кој се одржа на 30 мај 2023 година во Брисел, а на кој учествуваа Министерот за култура и дел од работната група, од програмските средства по основ на исплата за авиобилети, хотелски сместувања како и писмен превод на материјали од македонски на англиски јазик и на македонски јазик беа исплатени средства во вкупен износ од 798.670,00 денари.

## 7. ***СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ***

### I. ВОВЕД

Секторот за инвестициони работи, како организациона единица во Министерството за култура, во согласност со подзаконските акти за внатрешна организација и за систематизација на работните места на Министерството за култура, е надлежен сектор во Министерството за следење на реализацијата на инвестиционите објекти од областа на културата и за следење на состојбата на објектите и на опремата во културата со инвестициско и техничко одржување на објектите и на опремата во државна сопственост од областа на културата со нивно осигурување.

Како главни работи и работни задачи на Секторот за инвестициони работи и на одделенијата во состав, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за култура, предвидени се:

- извршување студиско-аналитички работи за инвестиционите објекти на Министерството за култура и за инвестициите и осигурувањето на објектите во државна сопственост, а кои ги користат установите од областа на културата;
- следење и реализација на инвестиционите објекти и следење на состојбата на објектите и на опремата во државна сопственост, а кои ги користат установите од областа на културата од аспект на потреба за тековно инвестирање и одржување;
- осигурување на објектите во државна сопственост, а кои ги користат установите од областа на културата;
- изготвување анализи, осврти и програми за утврдување на буџетската политика за инвестиции и друго.

Секторот за инвестициони работи е составен од две одделениеја, и тоа: Одделение за инвестиции и осигурување и Одделение за следење и реализација на инвестициони објекти.

### II. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2023 ГОДИНА

Врз основа на член 70 став (5) од Законот за културата („Сл. Весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), министерот за култура, на предлог од комисиите, одлучува за проектите што се поддржани во годишните програми на националните установи.

Во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2023 година, Министерството за култура поддржа вкупно 59 проекти кои беа содржани во годишните програми за работа на националните установи од областа на културата за 2023 година. Од поддржаните, 52 проекта беа реализирани, и тоа:

| Ред. бр. | Назив на националната установа | Наслов на проектот | Финансиран износ на проектот |
|---|---|---|---|
| 1 | НУ Национална опера и балет – Скопје | Набавка на ПП-апарати | 350.000,00 |
| 2 | НУ Национална опера и балет – Скопје | Набавка на компјутерска опрема – лаптоп | 146.790,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | НУ Национална опера и балет – Скопје | Испитување и одржување на лифтови | 140.774,00 |
| 4 | НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје | Редовно месечно одржување и набавка на потрошен материјал за четири лифтови поставени во објектот (електричен – патнички лифт (Л1 и Л4), еден товарен – хидрауличен (Л), и еден електричен – товарен лифт (Л3)) | 196.069,00 |
| 5 | НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје | Годишен технички преглед на четири лифтови поставени во објектот (електричен – патнички лифт (Л1 и Л4), еден товарен – хидрауличен (Л) и еден електричен – товарен лифт | 18.880,00 |
| 6 | НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје | Испитување на системот за противпожарна заштита | 344.230,00 |
| 7 | НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје | Годишен сервис за дизел-електричниот агрегат | 32.355,00 |
| 8 | НУ Македонски народен театар | Одржување, сервисирање и резервни делови за клима-ормани | 49.560,00 |
| 9 | НУ Македонски народен театар | Редовно одржување на системот за автоматско управување и мониторинг на климатизацијата (БМС) | 331.582,00 |
| 10 | НУ Македонски народен театар | Одржување, сервисирање и резервни делови за топлински пумпи | 131.501,00 |
| 11 | НУ Македонски народен театар | Редовно одржување, сервисирање и резервни делови за противпожарен систем | 249.924,00 |
| 12 | НУ Македонски народен театар | Редовен технички преглед на платформи, лифтови и дигалки со издавање сертификат | 90.000,00 |
| 13 | НУ Македонски народен театар | Редовно одржување на сценскиот под | 786.000,00 |
| 14 | НУ Македонски народен театар | Редовно одржување и сервис на опрема за аудио- и видеонадзор | 180.000,00 |
| 15 | НУ Македонски народен театар | Поправка и тековно одржување на сценски технологии – горен и долен погон | 496.959,00 |
| 16 | НУ Македонски народен театар | Одржување, сервисирање и резервни делови за системот за климатизација | 351.640,00 |
| 17 | НУ Албански театар за деца и млади | Опремување на НУ Албански театар за деца и млади | 59.200,00 |
| 18 | НУ Национална галерија Скопје | Набавка на опрема: апарати за чистење подни површини | 126.496,00 |
| 19 | НУ Национална галерија Скопје | Набавка на потрошен материјал и материјал и опрема | 253.574,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | НУ Национална галерија Скопје | Набавка на алуминиумско скеле | 389.400,00 |
| 21 | НУ Музеј на современа уметност Скопје | Дополнување на безбедносниот систем и камери | 66.080,00 |
| 22 | НУ Природонаучен музеј на РСМ Скопје | Набавка на преносливи компјутери и персонални компјутери, како и компјутерска опрема | 234.969,00 |
| 23 | НУ Археолошки музеј на РСМ Скопје | Замена на постојната управувачка опрема за осветлување од халоген во ЛЕД | 206.422,00 |
| 24 | НУ Археолошки музеј на РСМ Скопје | Замена на неисправни делови и сервис на системот за дистрибуција на топлинска енергија | 298.175,00 |
| 25 | НУ Национален конзерваторски центар од Скопје | Набавка на клима-уреди | 149.506,00 |
| 26 | НУ Национален конзерваторски центар од Скопје | Поправка на опрема за конзервација за ателјето за икони | 44.477,00 |
| 27 | НУ Конзерваторски центар од Скопје | Сервисирање на ПП-апарати, проверка на системот за автоматско откривање и јавување за пожар, издавање документ и мерење на заштитно заземјување и громобранско мерење и издавање извештај | 68.452,00 |
| 28 | НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби од Градско | Набавка на компјутерска и на канцелариска опрема | 163.071,00 |
| 29 | НУ Центар за култура „Иљо А.Смок“ од Тетово | Снабдување сценски завеси | 219.527,00 |
| 30 | НУ Библиотека „Кочо Рацин“ од Тетово | Набавка на информатичка опрема | 50.116,00 |
| 31 | НУ Музеј Тетовски крај од Тетово | Санација на новата управна зграда на НУ Музеј – Тетово, втора фаза | 1.869.273,00 |
| 32 | НУ Центар за култура од Битола | Изолација на клима-комора | 96.878,00 |
| 33 | НУ Центар за култура од Битола | Клима-уреди за ладење и греење на малата сала | 200.000,00 |
| 34 | НУ Музеј на албанската азбука од Битола | Набавка на компјутерска опрема | 199.500,00 |
| 35 | НУ Гостиварски театар од Гостивар | Компјутери и компјутерска опрема | 189.525,00 |
| 36 | НУ ЦК „Марко Цепенков“ од Прилеп | Набавка на 4 лаптопи | 85.533,00 |
| 37 | НУ ЦК „Марко | Санација и реконструкција на | 294.976,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Цепенков“ од Прилеп | санитарните јазли | |
| 38 | НУ ЦК „Григор Прличев“ од Охрид | Тапацирање на столчиња во киносалата | 399.040,00 |
| 39 | НУ Библиотека „Григор Прличев“ од Охрид | Набавка на опрема | 59.389,00 |
| 40 | НУ Библиотека „Григор Прличев“ од Охрид | Тековно одржување – осветлување | 30.000,00 |
| 41 | НУ Библиотека „Григор Прличев“ од Охрид | Санација и адаптација на одводна канализациска мрежа во деловниот простор на Библиотеката | 58.770,00 |
| 42 | НУ Спомен-куќа на Тодор Проески од Крушево | Набавка на дигитална опрема за Спомен-куќата на Тодор Проески | 70.000,00 |
| 43 | НУ Историски музеј од Крушево | Уредување на едукативен простор во дворот од Музејот на Илинденското востание и Крушевската Република | 49.400,00 |
| 44 | НУ Историски музеј од Крушево | Поправка и тековно одржување на споменичниот комплекс Никола Карев од споменичната целина на споменикот Илинден | 629.500,00 |
| 45 | НУ Историски музеј од Крушево | Поправка и тековна одржување на надворешната фасада, покривната конструкција и на столаријата во Музејот на Илинденското востание и Крушевската Република – занаетчиски интервенции | 27.127,00 |
| 46 | НУ ЦК „Антон Панов“ од Струмица | Сервисирање на противпожарните апарати и контрола на исправноста на хидрантската мрежа | 54.103,00 |
| 47 | НУ ЦК „Ацо Ѓорчев“ од Неготино | Тековно одржување на ПП-опремата | 15.328,00 |
| 48 | НУ ЦК „Браќа Миладиновци“ од Струга | Изработка на проектна документација – Систем за автоматско јавување и детекција на пожар за противпожарна заштита на Националната установа Центар за култура „Браќа Миладиновци“ – Струга | 60.000,00 |
| 49 | НУ ЦК „Браќа Миладиновци“ од Струга | Изработка на проектна документација – Систем за автоматско гаснење пожар со вода, Спринклер-систем за противпожарна заштита на Националната установа Центар за култура „Браќа Миладиновци“ – Струга | 118.000,00 |
| 50 | НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински“ од Струга | Набавка на опрема за видеонадзор со алармен систем за објектите на Музејот „Никола Незлобински“ | 147.618,00 |
| 51 | НУ Музеј „Д-р | Набавка на противпожарна опрема, ПП- | 139.377,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Никола Незлобински“ од Струга | систем за објектот | |
| 52 | НУ Центар за култура „Јордан Хаџи К. Цинот“ од Велес | Поправка и тековно одржување на објекти и набавка на опрема | 315.762,00 |
| **Вкупно реализирано во 2023 година** | | | **11.334.828,00** |
| | | | |
| Проекти што беа поддржани, а не беа реализирани се следниве: | | | |

| Ред бр. | Назив на Националната установа | Наслов на проектот | Финансиран износ на проектот во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | НУ Македонски народен театар | Набавка на персонални компјутери и лаптопи | 310.000,00 |
| 2 | НУ Музеј на современата уметност Скопје | Набавка на аудио- и видеоопрема и компјутерска опрема за релативно нормално функционирање на музејските одделенија | 400.000,00 |
| 3 | НУ Музеј на современата уметност Скопје | Набавка на техничка опрема | 253.841,00 |
| 4 | НУ Музеј на современата уметност Скопје | Поставување музејско лед-осветлување во првата и во втората музејска галерија | 112.550,00 |
| 5 | НУ Музеј на современата уметност Скопје | Сервисирање и набавка на пумпа за вода | 99.120,00 |
| 6 | НУ Музеј на современата уметност Скопје | Сервисирање на клима-уреди | 92.040,00 |
| 7 | НУ ЦК „АСНОМ“ од Гостивар | Набавка на лифт за инвалидска количка во влезот за публиката | 300.000,00 |
| **Вкупно:** | | | **1.567.551,00** |

Министерството за култура склучи договори за финансирање проекти содржани во годишната програма за работа на националните установи од областа на културата за 2023 година во делот на инвестициско одржување, адаптација и набавка на опрема за установите во вредност од 15.064.097,00 денари (вкупно 59 проекти по предлог на комисија, за кои Министерството за култура склучи договор). Од вкупно одобрените проекти во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2023 година, реализирани се 52 проекти. Според тоа, фактичката реализација по број на проекти изнесува 88 %.

Финансиската реализација на проектите за 2023 година, заклучно со 28.12.2022 година, е на износ од 11.334.828,00 денари од вкупно договорените 15.064.097,00 денари, односно 75 % реализација.

**2. Осигурување на објекти за култура во државна сопственост**

Во текот на 2023 година, по истекот на важноста на полисата за осигурување на објектите од областа на културата, не е извршено повторно осигурување. Причините за тоа се неуспешно спроведени три  постапки за јавни набавки за таа намена, . Секторот за инвестициони работи даде укажување за потребата од обезбедување дополнителни финансиски средства за спроведување постапка за осигурување на објектите и опремата во државна сопственост на Министерството за култура и на националните установи од областа на културата.

**3. Опис на другите работи во Одделението**

Во Одделението за инвестиции и осигурување, покрај инвестициско-техничките вложувања во културата, се врши и логистичка помош за регулирање на обврските за централното греење за националните установи од областа на културата кои користат услуги за централно греење на територијата на Град Скопје.

Во рамките на работата на Одделението за инвестиции и осигурување, континуирано во текот на годината се следеше реализацијата на инвестиционите проекти, што подразбира организација, координирање, кореспонденција меѓу сите субјекти вклучени во процесите. Одржувани се работни состаноци, посети и увиди во состојбата на објектите и сл.

## III. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ ВО 2023 ГОДИНА

**1. Следење и реализација на Годишната програма за инвестиции во културата за 2023 година**

Министерството за култура донесе Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година бр. 50-1352/2 од 13.2.2023 година, (во понатамошниот текст: Годишна програма за инвестиции во културата). Владата донесе Одлука бр. 41-1458/7 од 21.2.2023 година, за давање согласност за реализација на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година бр. 50-1352/2 од 13.2.2023 година. Одлуката е објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 42/23.

Според оваа програма, планирани беа следниве активности:

| Ред. бр. | Опис на активноста | Носител на активноста | Износ на финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на објект наменет за НУ Турски театар во Скопје | НУ Турски театар | 117.090.000,00 |
| 2. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Иљо Антески-Смок“ Тетово | 135.591.000,00 |
| 3. | Изградба на објект „Стар театар“ во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица | 24.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | Обезбедување проектно-техничка документација за реконструкција на објектите на: НУ Музеј на Република Северна Македонија, НУ Национална галерија на Македонија – Скопје, НУ ЦК „Марко Цепенков“ – Прилеп и НУЦК „Антон Панов“ – Струмица | Министерство за култура | 16.000.000,00 |
| **5.** | Реконструкција на објектот на НУ Музеј на Република Северна Македонија – Скопје | Министерство за култура | 50.000.000,00 |
| **6.** | Санација на покривната конструкција на стариот дел од објектот на НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје | НУ НУБ „Св.Климент Охридски“ - Скопје | 74.000,00 |
| **7.** | Изведба на работи за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | НУ Центар за култура „АСНОМ“– Гостивар | 1.926.000,00 |
| **8.** | Изведба на работи за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово, зградата на театарот | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово | 3.200.000,00 |
| **9.** | Обезбедување проектна документација за реконструкција на објектите што ги користат НУ Народен театар Битола, НУ Центар за култура Битола и Театар во Велес | Министерство за култура | 3.100.000,00 |
| **10.** | Санација на покривната конструкција на НУ Музеј на современата уметност – Скопје | НУ Музеј на современата уметност – Скопје | 700.000,00 |
| **Вкупно** | | | **351.681.000,00** |

Планираните финансиски средства за реализација на оваа програма во износ од 351.681.000,00 денари беа обезбедени од Буџетот на Министерството за култура раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, потпрограми 41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.

Поединечната реализација на проектите од Годишната програма за инвестиции во културата за 2023 година по активности е прикажана во следнава табела:

| **Ред. бр.** | **Опис на активноста** | **Носител на активноста** | **Износ на финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изградба на објект наменет за НУ Турски театар во Скопје | НУ Турски Театар | 139.545.357,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Иљо Антески-Смок“ – Тетово | 217.589.706,00 |
| **3.** | Изградба на објект „Стар театар“ во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица | 25.300.000,00 |
| **4.** | Обезбедување проектно-техничка документација за реконструкција на објектите на: НУ Музеј на Република Северна Македонија, НУ Национална галерија на Македонија – Скопје, НУ ЦК „Марко Цепенков“ – Прилеп и НУ ЦК „Антон Панов“ – Струмица | Министерство за култура | 15.528.800,00 |
| **5.** | Реконструкција на објектот НУ Музеј на Република Северна Македонија – Скопје | Министерство за култура | 0,00 |
| **6.** | Санација на покривната конструкција на стариот дел од објрктот на НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје | НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје | 73.750,00 |
| **7.** | Изведба на работи за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | 397.762,00 |
| **8.** | Изведба на работи за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово, зградата на театарот | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово | 2 860 155,00 |
| **9.** | Обезбедување проектна документација за реконструкција на објектите што ги користат НУ Народен театар Битола, НУ Центар за култура Битола и Театар во Велес | Министерство за култура | 3 067 280,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10.** | Санација на покривната конструкција на НУ Музеј на современата уметност – Скопје | НУ Музеј на современата уметност – Скопје | 74.016,00 |
| **Вкупно** | | | **404.436.826,00** |

Во декември 2023 година е донесена Одлуката за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите бр. 08-6419/1 од 11.12.2023 („Службен весник на РСМ бр. 264 од 13.12.2023 година) – ребаланс. Поради кратките рокови за реализација на дополнително одобрените средства со оваа одлука, а кои беа наменети за реализација на проектите „Изградба на објект наменет за НУ Турски театар во Скопје“ и „Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово“, не е направена измена, односно дополнување на Програмата. Со Одлуката, односно со ребалансот на буџетот, обезбедени се само дополнителни финансиски средства и тоа за овие два проекта наменски, па според тоа, извршено е само дополнување на износот на обезбедените финансиски средства со анекс-договори. Во однос на намената и описот на проектните активности, во Програмата нема никакви измени и дополнувања.

Од првично предвидените финансиски средства за реализација на оваа програма во износ од 351.681.000,00 денари, реализирани се вкупно 404.436.826,00 денари.

**Реализација на капитални дотации во областа на културата на единиците на локалната самоуправа за 2023 година**

Во 2023 година Министерството за култура, за реализација на капитални дотации во областа на културата, со единиците на локална има склучено договори за реализација на средства во износ од 39.964.237,00 денари, и тоа за следните проекти:

| **ед. број** | **Корисник** | **Назив на проект** | **вредност на Договор** |
|---|---|---|---|
| | Општина Маврово и Ростуше | Реконструкција на ОУ “Димитар Ормански” и Ревитализација на мултифункионален културен центар, с.Тресонче | 5.303.666 |
| | Општина Валандово | Санација на кров и фасада на Културен центар во Валандово | 10.170.734,00 |
| | Општина Крушево | Набавка на монтажна бина | 1.116.562,00 |
| | Општина Крива Паланка | Изработка на Проектно-техничка документација за Реконструкција и адаптација на зградата на Национална Установа Центар за култура Крива Паланка | 800.000,00 |
| | Општина Чашка | Изработка на проектно-техничка документација за изградба на дом на култура на КП 149/32 и дел од КП 150/4 КО Чашка, Општина Чашка | 2.186.583,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општина Кривогаштани | Адаптација со пренамена на мултифункционална сала за културни и други манифестации | 4.450.814,00 |
| | Општина Делчево | Реконструкција на влез, влезен хол и мала сала со сцена и галерија во Спомен Дом АСНОМ Делчево | 9.623.369,00 |
| | Општина Струмица | Изградба на Дом на култура во с.Куклиш Струмица - втора фаза КП бр. 4480/1 во КО Куклиш, Струмица | 5.700.509,00 |
| | Општина Кратово | Набавка на еден подиум (бина) и шест дрвени изложбени штандови | 612.000,00 |
| | Вкупно: | | 39.964.237,00 |

Овие договори се склучени согласно Програмата за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2023 година (Службен весник на РСМ бр.106/2023), донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија. Средствата за реализација на овие договори беа предвидени со Буџетот на Министерството за култура за 2023 година од Програма 84- Одржување на објектите од областа на културата ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во износ од 40.000.000,00 денари.

**Реализација на овие договори за користење на средства за капитални дотации во областа на културата за 2023 година беше следна:**

| ед. број | Корисник | Назив на проект | Реализирано -Конечна вредност на Договор |
|---|---|---|---|
| | Општина Маврово и Ростуше | Реконструкција на ОУ „Димитар Ормански" и Ревитализација на мултифункционален културен центар, с.Тресонче | 4.874.931,00 |
| | Општина Валандово | Санација на кров и фасада на Културен центар во Валандово | 10.170.734,00 |
| | Општина Крушево | Набавка на монтажна бина | 1.116.562,00 |
| | Општина Крива Паланка | Изработка на Проектно-техничка документација за Реконструкција и адаптација на зградата на Национална Установа Центар за култура Крива Паланка | 800.000,00 |
| | Општина Чашка | Изработка на проектно-техничка документација за изградба на дом на култура на КП 149/32 и дел од КП 150/4 КО Чашка, Општина Чашка | 1.863.850,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општина Кривогаштани | Адаптација со пренамена на мултифункционална сала за културни и други манифестации | 4.450.814,00 |
| | Општина Делчево | Реконструкција на влез, влезен хол и мала сала со сцена и галерија во Спомен Дом АСНОМ Делчево | 9.623.369,00 |
| | Општина Струмица | Изградба на Дом на култура во с.Куклиш Струмица - втора фаза КП бр. 4480/1 во КО Куклиш, Струмица | 3.880.225,00 |
| | Општина Кратово | Набавка на еден подиум (бина) и шест дрвени изложбени штандови | 612.000,00 |
| Вкупно: | | | 37.392.485,00 |

Според наведеното во табелите погоре, од доделените договори во вкупен износ од 39.964.237,00 денари, реализирани беа вкупно 37.392.485,00 денари, односно финансиската реализација на оваа програма беше во износ од 93.56%.

**2. Опис на другите работи на Секторот**

Други работи на Секторот за инвестициони работи во 2023 година:

- Изготвување информации, известувања, укажувања за состојбата со реализацијата на капиталните проекти во областа на културата.
- Учество на вработените лица во Секторот во постапки пред надлежни органи во спорови на Министерството за култура во врска со реализација на договори за изведување работи на капитални инвестициони објекти.
- Учество на вработените лица во Секторот во работа на работни тела, комисии, меѓуресорски состаноци и сл.
- Други работи поврзани со реализацијата на капиталните инвестициони објекти во областа на културата.

## ***8. СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА***

I. Реализирани активности на Секторот за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права од областа на нормативата во 2023 година:

А. Предлози на закони во собраниска постапка:
1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права
2. Предлог на закон за употребата на македонскиот јазик
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди

Б. Предлози на закони во фаза на изработка:
1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење
2. Предлог на закон за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион
3. Предлог на закон за заштита на културното наследство
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права
5. Предлог на закон за културата.

**II. Во рамките на Секторот се подготвуваат и следниве поединечни акти на барање од правни и физички лица:**

1. Национални пензии

Изработка на акти за утврдување на право и исплата на надоместоците на пензионери кои се добитници на една од државните награди за култура, во согласност со Законот за културата, а тоа право го остваруваат 71 уметник и стручни работници за заштита на културното наследство.

На месечно ниво за исплата на овие 71 уметник се издвојуваат вкупно 1.511.331,00 денари (овој податок е за месецот декември 2023 година и тој може да биде променет со промена на бројот на пензионери кои би го оствариле правото на овој надомест, како и со промена на висината на пензијата што ја остваруваат добитниците на ова право).

2. Национални уметници

Во согласност со Законот за националниот уметник на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/2011), со средства од Буџетот на Република Македонија, Министерството за култура му доделува на носителот на титулата *национален уметник* месечен паричен надоместок во износ од две просечни месечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година, за тековната година, од денот на добивањето на титулата па сè до крајот на животот.

Ова право го имаат стекнато:
1. Симон Трпчевски
2. Борис Трајанов
3. Милчо Манчевски
4. Никола Маџиров
5. Ана Дурловски.

За овие пет национални уметници, на месечно ниво се издвојуваат вкупно 478.840,00 денари, односно на годишно ниво 5.746.080,00 денари (овој износ е променлив секоја година во зависност од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, за тековната година).

3. Мислења за ослободување од данок на додадена вредност без право на одбивка на претходниот данок

Во согласност со член 23 став (1) точка 8 од Законот за данокот на додадена вредност, од данокот на додадена вредност, без право на одбивка на претходниот данок, се ослободува: „прометот од установите што вршат дејност од областа на културата со непрофитна цел за културните услуги и добра непосредно поврзани со тие услуги во согласност со прописите од областа на културата и прометот од ботанички градини, животински паркови, паркови, архиви и документациони центри".

Во согласност со член 23 став (1) точка 8–а од Законот за данокот на додадена вредност, од данокот на додадена вредност, без право на одбивка на претходниот данок, се ослободуваат: „влезници за јавни настани кои се од национален интерес во културата, а кои јавни настани како такви се утврдени и се финансираат преку годишната програма за остварување на националниот интерес во културата за годината во која се одржува јавниот настан донесена од Министерството за култура. За примена на ослободувањето, даночниот обврзник е потребно, пред да започне со прометот на влезниците, да обезбеди документ од Министерството за култура со кој се потврдува дека јавниот настан за кој се бара даночно ослободување е утврден во годишната програма за остварување на националниот интерес во културата".

Во 2023 година се издадени вкупно 20 мислења.

4. Согласности – гаранции за обезбедени средства за добивање АТА-карнет за привремен извоз и увоз

За реализација на извоз, потребно е да се спроведе постапка за АТА-карнет, во согласност со Законот за ратификација на Конвенцијата за привремен увоз – Истанбулска конвенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/06) и Одлуката од Стопанската комора за ослободување од плаќање надоместок за ата-карнети бр. 08-3072/3 од 31.10.2011 година.

Во согласност со наведената Одлука, националните установи за промоција на културата (национални галерии, музеи) се ослободуваат од плаќање надоместок за АТА-карнети за привремен извоз и пополнување на формуларите АТА-карнет за привремен извоз што ги издава Стопанската комора на Македонија, заради вршење на нивната дејност преку која се врши промоција на културата на Република Македонија.

Националните установи за промоција на културата, како и театрите, Македонската опера и балет и други национални установи за промоција на културата, се ослободуваат од приложување гаранција/депозит за издавање АТА-карнет. Министерството за култура, на писмено барање од установите, доставува Согласност/гаранција со која, пред Стопанската комора на Македонија, се гарантира за финансиските обврски на соодветната национална установа, што би произлегле од привремениот извоз – увоз на стоки, согласно со постапката за издавање АТА карнети за привремен извоз, а заради надоместување на трошоците на Комората за какви било царини, такси и други трошоци што може да настанат како резултат или во врска со издавање или регулирање на АТА-карнетот.

Во 2023 година се издадени вкупно 24 согласности – гаранции за добивање АТА-карнет и едно известување до локална установа од областа на културата дека Министерството за култура не е надлежно.

5. Согласности за регулирање престој на странец

Во согласност со Законот за вработување и работа на странци, странците кои самите обезбедуваат креативни услуги од областа на културата како учесници во културни работилници, состаноци, колонии и други културни настани или како известувачи за вакви настани, како креатори и преработувачи од областа на музиката, музички изведби, ора, балет и литературни дела, фотографија, видео, филм и уметност на електронски медиуми, како придружен персонал за инструктори, известување и организациски и технички персонал и како експерти од областа на заштитата на културното наследство, библиотекарството, архиварството и креативната култура, а кои не престојуваат во државата повеќе од седум дена, се обврзани, во зависност од тоа каде ги

даваат креативните услуги, да добијат претходна согласност од Министерството за култура, Министерството за економија, Агенцијата за млади и спорт или од единицата на локалната самоуправа на чија територија се одржува културниот настан.

Во 2023 година се издадени вкупно 6 мислења за регулирање престој на странец (6 позитивни и 1 негативно).

6. Потврди за ослободување од царински давачки

Во согласност со член 195 став (1) точка 4 од Царинскиот закон, од плаќање увозни давачки се ослободени јавни музеи и јавни уметнички галерии за збирки и уметнички предмети. Во согласност со член 46 став 1 алинеја 3 од Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање увозни давачки, јавните музеи, галерии, библиотеки и архиви кои сакаат да го остварат правото на ослободување од плаќање увозни давачки во согласност со член 195 од Царинскиот закон, треба на царинскиот орган да му поднесат доказ со кој се потврдува дека се работи за јавна установа.

Според член 196 точка 2 од Царинскиот закон, од плаќање увозни давачки се ослободени предметите што се увезуваат, а имаат образовен, научен и културен карактер, во согласност со Уредбата, како и научни инструменти и апарати, како и нивни резервни делови кои се увезуваат во некомерцијални цели и кои не се произведуваат во Република Македонија. Според член 50 од Уредбата, предметите од образовен, научен и културен карактер под услов да се наменети за јавна образовна, научна или културна установа или организација или установа или организација од категориите што се наведени во прилог 4 од Уредбата. Според членот 54 став 1 алинеја 1, установата или организацијата која сака да го оствари правото за ослободување од плаќање увозни давачки треба на царинскиот орган да му поднесе потврда дека се работи за предмет од културен карактер.

Во 2023 година е издадена една потврда во согласност со член 196 точка 2 од Царинскиот закон.

7. Решенија за давање согласност на статути на националните установи

Во согласност со член 25 од Законот за културата, националната установа од областа на културата има статут со кој се уредуваат работата и организацијата на установата и обезбедувањето јавност во нејзината работа. Со статутот особено се утврдуваат дејноста, организацијата, името, седиштето, предметот на работа и други прашања што се од значење за установата утврдени со овој и со друг закон. Министерот за култура дава согласност на статутот од ставот 1 на овој член.

Во 2023 година се издадени вкупно 11 решенија за давање согласност на одлуки за изменување на статутите на националните установи.

## *9. СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР*

Во рамките на надлежностите утврдени со Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019), од страна на инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (вкупно 5 инспектори со овластувања за целата територија на РСМ) во текот на 2023 година беа извршени **вкупно 107 инспекциски надзори** (од кои: 21 редовен, 61 вонреден и 25 контролни инспекциски надзори), од аспект на примена на вкупно 6 (шест) закони од областа на културата, и тоа:

– **76** инспекциски надзори, од кои: 12 редовни, 50 вонредни и 14 контролни инспекциски надзори, извршени во согласност со **Законот за културата,** од аспект на работењето и наменското користење на средствата обезбедени преку МК од Буџетот на РСМ за програми/проекти од национален интерес во културата за периодот 2021 – 2023 г., во национални и локални установи од областа на културата, здруженија на граѓани и други правни лица, регистрирани за вршење соодветна дејност од областа на културата, како и кај физички лица, сите корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК или за работи од културата, а чие работење подлежи на надзор во согласност со истиот Закон;

– **14** (четиринаесет) инспекциски надзори, од кои: 5 редовни, 1 вонреден и 8 контролни инспекциски надзори, извршени во согласност со **Законот за музеите и подзаконските прописи**;

– **6** (шест) вонредни инспекциски надзори извршени во согласност со **Законот за филмската дејност и подзаконските прописи** (Агенција за филм на РСМ, Скопје и филмски продуценти);

– **5 (**пет) инспекциски надзори, од кои 2 вонредни и 3 контролни инспекциски надзори, извршени во согласност со **Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата**;

– **4** (четири) редовни инспекциски надзори извршени во согласност со **Законот за издавачката дејност и подзаконските прописи**; и

– **2** (два) вонредни инспекциски надзори извршени во согласност со **Законот за употребата на македонскиот јазик**;

За утврдените недостатоци, како и повреди на прописите од областа на културата, во текот на 2023 г. од страна на инспекторите за култура се издадени вкупно **25 решенија** (од кои 11 со наредба и 14 со опомена) за отстранување на утврдените недостатоци во определен рок врз основа на Законот за културата и Законот за инспекциски надзор, од кои: 15 по Законот за културата, 7 по Законот за музеите и 2 по Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата. Во согласност со решенијата со опомена/наредба издадени од инспекторите за култура, во Буџетот на РСМ се вратени средствата во вкупен износ од 364 807 денари од страна на субјекти кај кои била извршена инспекција. Исто така, во текот на 2023 година, за утврдените недостатоци и неправилности од аспект на примена на Законот за културата, издадени се вкупно **22 прекршочни платни налози** на одговорни лица (директори, управители), правни лица, како и на физички лица. Во согласност со издадените платни налози од инспекторите за култура, во Буџетот на РСМ се прибрани средствата во вкупен износ од 166 052 денари.

Во текот на 2023 г. се поднесени **вкупно (седум) барања за поведување прекршочни постапки** за сторени прекршоци по Законот за културата и Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата до надлежните основни (кривични) судови во Скопје и во Струга и едно прекршочно барање до Комисијата за одлучување по прекршок при Министерството за култура, како прекршочен орган. Исто така, во извештајниот период се поднесени **вкупно 3 (три) кривични пријави** до Основното јавно обвинителство во Скопје, Кочани и во Битола. Во извештајниот период, во однос на поднесените прекршочни барања, од страна на надлежните судови/комисија, изречени се глоби во вкупен износ од 1050 евра, односно 67 555 денари.

Во извештајниот период, сите 5 (пет) инспектори за култура поминаа онлајн обука за „Сајбер хигиена за државни службеници“, организирана во рамките на Проектот на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор „Добро управување на Западниот Балкан“, со поддршка од Канцеларијата за односи со странство, Комонвелт и развој на Обединетото Кралство, како и генерички онлајн обуки, со користење на платформата за електронско учење од Годишната програма на Инспекцискиот совет за генерички обуки за 2023 г., и тоа: „Компјутерска обработка и табеларни пресметки (EXCEL)“, „Управување со стрес“ и „Систем на интегритет во инспекциските служби“, и се стекнаа со соодветни сертификати. Исто така, двајца инспектори за култура поминаа обука на тема „Прекршочна постапка во корелација со Законот за општата управна постапка и практичен осврт на текот на прекршочната постапка“, во организација на Друштвото за консултантски услуги АЦТ! ДОО, Скопје (20.10.2023 г., х. „Квинс“, Скопје).

Во извештајниот период, вршени се инспекциски надзори кај субјектите од целата територија на РСМ, и тоа во Скопје (Центар, Чаир, Карпош, Кисела Вода, Илинден, Бутел, Ѓорче Петров, Сарај и Аеродром), како и во Кочани, Штип, Тетово, Крива Паланка, Битола, Крушево, Валандово, Јегуновце, Струга, Берово, Охрид, Кичево, Кавадарци, Прилеп, Демир Капија, Виница, Гевгелија, Гостивар, Боговиње, Велес и во Липково, при што најголем број инспекциски надзори се извршени во Скопје.

Во насока на зголемување на транспарентноста во работењето и во согласност со обврската од Законот за инспекциски надзор, и во текот на 2023 г., на официјалната веб-страница на Министерството за култура се објавуваа инспекциски акти (записници и решенија) во „деперсонализирана форма“, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Во извештајниот период, за потребите на Одделението за логистичка поддршка на Министерството за култура, давани се одговори на новинарски прашања, како и за судските постапки, извршените инспекциски надзори, преземените управно-надзорни мерки, примена на материјалните закони и други стручни прашања. Наедно, освен преписка со Инспекцискиот совет, вршена е преписка и со основните јавни обвинителства, Министерството за финансии, Државната комисија за спречување на корупцијата и други органи на државната управа, како и со другите организациски единици во МК (за барање податоци, мислења и појаснувања упатени до инспекциската служба), мислења по законски и подзаконски прописи од областа на културата, изработка на прашања од областа на културата, за посебниот (стручен) дел од испитот за вработување на административни службеници (инспектори за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, по барање на МИОА), произнесувања по претставки и друго.

И во извештајниот период, раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор – главен инспектор за култура извршуваше работни задачи како одговорно службено лице во МК за водење предмети и вршење работи за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ (спорови по различни основи – должничко-доверителски, работни односи, стечај и други), а еден од вишите инспектори за култура е назначен за овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во Министерството за култура во согласност со Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РСМ бр. 196/15).

## *10. СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА*

Во согласност со поставеноста, Секторот за следење, развој и логистичка поддршка е составен од две одделенија – Одделение за логистичка поддршка и Одделение за државни награди.

### ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

Одделението за логистичка поддршка работи под секојдневна координација од кабинетскиот советник за односи со јавност, Марија Зафировска, која на дневна основа остварува средби со раководителот на Одделението и со вработените, со кои ја споделува агендата и другите активности на министерката за култура.

Одделението, во рамките на своите секојдневни обврски, ги реализираше следниве активности:

– изработување вести од областа на културата кои се поставуваат на веб-страницата на Министерството за култура;
– изработка на најавни и одјавни текстови поврзани со работните активности на министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска, кои се доставуваат на лектура и превод и потоа до медиумите;
– изработка на обраќања на министерката за култура и објави за социјалните мрежи;
– изработка на предлог-агенди, збирни информации и изјави за посетите на министерката за култура во градовите низ државава и во националните установи од областа на културата;
– прибирање информации од секторите и одговарање на новинарски прашања;
– прибирање податоци и одговарање на прашања за интервјуа;
– проследување на конкурсите што ги објавува Министерството за култура до весниците, со запазување на целокупната административна процедура;
– уредување на информации што се однесуваат на дел од работните активности на заменик-министерот за култура кои се поставуваат на веб-страницата;
– редовно ажурирање на списокот со вработени во Министерството за култура;
– изработка на телеграми и нивно електронско доставување.

Одделението за логистичка поддршка секојдневно ја администрира службената е-пошта на Министерството за култура (info@kultura.gov.mk), одговара на прашања од странки и пристигнатите прашања ги препраќа до секторите во Министерството.

Вработените задолжни за веб-страницата на Министерството за култура секојдевно поставуваат вести на веб-страницата и фотографираат на дел од настаните на кои е присутна министерката за култура.

Вработените во Одделението за логистичка поддршка секојдневно внесуваат нови настани во Календарот на веб-страницата на Министерството за култура.

### ➢ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРЖАВНИ НАГРАДИ

Одделението за државни награди, во согласност со Законот за државните награди и законите за изменување и дополнување на Законот за државните награди („Службен весник на РМ“ бр. 52/06, 54/07, 74/12, 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19) се грижеше за успешна, навремена, квалитетна и точна реализација на државните награди што се во надлежност на Министерството за култура, а тоа се:

– „Мајка Тереза“
– „11 Октомври“
– „23 Октомври“
– „22 Ноември“
– „Св. Климент Охридски“
– „Мито Хаџи Василев-Јасмин“
– „Мето Јовановски“.

Во текот на 2023 година беа одржани вкупно 37 состаноци, и тоа: 7-те одбори одржаа 24 состаноци, а стручните комисии и стручните тела одржаа 13 состаноци, беа пристигнати и обработени вкупно 79 иницијативи, а се доделени вкупно 13 награди. За одборите, комисиите и стручните тела, Одделението изготви материјали за работа, извештаи, одлуки, решенија, прегледи, анализи, преписки и дописи со Секторот за правни работи, и ги менаџираше сите активности во врска со реализирањето и доделувањето на наградите во Собранието на РСМ.

Во согласност со динамиката на работата на Одделението за државни награди, беа изготвени потребните документи и материјали за секоја награда одделно, и тоа: записници; мислења; анализи; одлуки; решенија; писма; прегледи; покани; регистри на добитниците; текстови за изработка на дипломи и плакети; сценарија; писма за добитниците; консултации со секторите за: правни работи, за финансиско работење и за јавни набавки; списоци со трансакциски сметки за добитниците на наградите; решенија за добитниците на наградите; списоци за исплата на членовите на одборите, на стручните комисии и на стручните тела; контакти со добитниците на наградите и со членовите на одборите, на стручните комисии и на стручните тела; прегледи на финансиските потреби за државните награди.

За 2024 година, приоритет на Одделението за државните награди ќе биде успешно менаџирање на сите активности предвидени по план за навремено и квалитетно реализирање на државните награди.

### 1. ДРЖАВНА НАГРАДА „МАЈКА ТЕРЕЗА“

Одборот одржа 3 седници и распиша Конкурс за доделување на државната награда „Мајка Тереза“ за 2023 година. На седниците беа разгледани 2 иницијативи. Одборот донесе Одлука да не се додели награда.

### 2. ДРЖАВНА НАГРАДА „11 ОКТОМВРИ“

Одборот одржа 3 седници и распиша Конкурс за доделување на државната награда „11 Октомври“ во 2023 година. На седниците беа разгледани 17 иницијативи. Одборот формира 2 стручни комисии за разгледување на иницијативите и донесе Одлука за 1 добитник на наградата за 2023 година. Добитник на државната награда „11 Октомври“ за 2023 година за животно дело во областа на културата и уметноста е Љупчо Константинов.

### 3. ДРЖАВНА НАГРАДА „23 ОКТОМВРИ“

Одборот одржа 6 седници и распиша Конкурс за доделување на државната награда „23 Октомври“ во 2023 година. На седниците беа разгледани 14 иницијативи. Одборот формира 2 стручни комисии за разгледување на иницијативите и донесе Одлука за 4 добитници на наградата за 2023 година. Добитници на државната награда „23 Октомври“ за 2023 година во областа на науката и образованието се: тимот за трансплантација на црн дроб – проф. д-р Зоран Караџов, проф. д-р Светозар Антовиќ, доц. д-р Бети Тодоровска, прим. д-р Татјана Спировска и проф. д-р Маја Мојсова Мијовска и проф. д-р Африм Османи, универзитетски професор; а во областа на културата и уметноста наградата им се додели на: проф. м-р Роберт Јанкулоски, визуелен уметник, и Блаже Миневски, писател.

### 4. ДРЖАВНА НАГРАДА „22 НОЕМВРИ“

Одборот одржа 2 седници и распиша Конкурс за доделување на државната награда „22 Ноември“ за 2023 година. На седниците беа разгледани 5 иницијативи. Одборот донесе Одлука за 2 добитници на наградата за 2023 година. Добитници на државната награда „22 Ноември“ за 2023 година се: Агим Винца, истражувач и писател и Амет Селмани, писател.

### 5. ДРЖАВНА НАГРАДА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

Одборот одржа 5 седници и распиша конкурс. На седниците беа разгледани 33 иницијативи, Одборот формира 2 стручни комисии и донесе Одлука за 2 добитници на наградата. Добитник на државната  награда „Св. Климент Охридски“ во областа на воспитанието и образованието е проф. д-р Рабије Мурати, универзитетски професор, а во областа на  културата и уметноста  наградата му се додели на Антонио Митриќески, филмски режисер.

### 6. ДРЖАВНА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ-ЈАСМИН“

Одборот за државната награда „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ во 2023 година одржа 3 седници и распиша конкурс на кој беа пристигнати и разгледани вкупно 5 иницијативи. Одборот донесе одлука за 2 добитници на  наградата.

Во областа на публицистиката, наградата ја доби: Ненад Георгиевски, а во областа на новинарството, наградата ја доби Мијалче Иванов.

### 7. ДРЖАВНА НАГРАДА „МЕТО ЈОВАНОВСКИ“

Одборот одржа 2 седници и распиша Конкурс за доделување на државната награда „Мето Јовановски“ за 2023 година на кои беа разгледани 3 иницијативи. Одборот донесе Одлука за 2 добитници на наградата за 2023 година. Добитници на државната награда „Мето Јовановски“ за 2023 година се: Платформа за одржлив развој „Лице в лице“ и Борче Стаменов.